# АНАЛИЗА

## ЗА ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




British Embassy Skopje

UK Government

WFD

# ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПОТРЕБИТЕ ОД ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Автори:**

Иван Дамјановски
Ненад Марковиќ
Александар Спасов



**Проект:** Практикувај демократија

**Издавач:** Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија

**За издавачот:** Дона Костуранова, Директорка во земјата за ВФД

**Автори:** Иван Дамјановски, Ненад Марковиќ, Александар Спасов

**Уредници:** Стефани Спировска, Дона Костуранова

**Дизајн:** Бригада дизајн

**Превод:** Вјоса Таипи

**Година на издавање:** 2023

Скопје, јуни 2023

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје.  Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР

# ПРЕДГОВОР

ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР
ПРЕДГОВОР

Оваа анализа е посветена на потребата од и состојбата со политичкото образование во Северна Македонија и цели да даде појдовна и основна перспектива на три прашања: на кој начин и колку е застапено политичкото образование во формалното средно образование, кои се забележливите трендови во однос на демократските вредности кај младите и какви модели на политичко образование се применуваат во други земји.

Потребата од ваква анализа произлезе како заклучок од стручната конференција за политичко образование организирана во април 2022 година од страна на Претседателскиот центар за политичко образование, а во соработка со и поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер. Дел од заклучоците од настанот се дека трендовите и истражувањата укажуваат на слабости во граѓанското и политичкото образование, недостаток на знаења и вештини кај младите, а содржините застапени во формалниот образовен систем се недоволни од аспект на современите потреби и предизвици на демократијата. Инвестирањето во политичкото образование на младата генерација е особено важно за да се обезбедат услови за демократски развој, граѓанско учество и грижа за политичките и за граѓанските слободи и права во иднината.

Преку оваа анализа се обидовме да обезбедиме импулс и појдовни информации, врз основа на кои може аргументирано да се дискутира за потребата и улогата на политичкото образование за младите и во рамки на образовниот систем, со цел да се утврдат правец и препораки за подобрување за можностите за политичко образование и неговиот ефект.

Упатуваме благодарност до авторите на публикацијата, професорите Иван Дамјановски, Ненад Марковиќ и Александар Спасов, кои ја креираа оваа содржина и дадоа придонес на ова поле. Благодарност до партнерските организации на Претседателскиот центар за политичко образование, Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС), Фондацијата Конрад Аденауер (КАС), Националниот демократски институт (НДИ) Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и Фондација 2025, кои ја препознаа оваа тема и ја вклучија во работата на центарот.

Се надеваме дека оваа анализа ќе придонесе кон информирана дискусија на оваа тема и креирање на политики со кои ќе се унапреди пристапот до граѓанското и до политичкото образование за да се даде поддршка за идни активни и граѓани.

**Дона Костуранова,**
директорка во земјата за
Фондацијата за демократија
на Вестминстер

# ВОВЕД

За поимот политичко образование нема еднозначна дефиниција. Причината за таквата состојба е фактот што постојат различни модели на политичко образование, дел од нив и со други називи. На пример, „civic education” и „education in citizenship”, односно граѓанско образование во двете значења, односно еквивалентно на политичко образование или генерално образование за општеството (Frazer 1999). Следно, политичкото образование како концепт се развива заедно со развојот на политичкиот систем, а особено во транзицијата од недемократски кон демократски систем (концептот на политичко образование има контингентен карактер). Во таа смисла демократското политичко образование треба да се издвои од „идеологизација“ на учениците и студентите што е карактеристична во недемократските системи, но и од концепт на образование со преголем фокус кон власта и државните институции за сметка на темите од областа човековите права и слободи, политичките партии, граѓанските организации, граѓанските иницијативи и непосредната демократија и друго.

Она што е заедничко за политичкото образование и граѓанското образование, (кое според содржината е еквивалентно на политичкото образование) е промоцијата и поддршката на демократските вредности, промоцијата на политичката партиципација, стекнување способност за разбирање на сопствените интереси, нивна соодветна артикулација во истражувањата на јавното мислење и надминување на недовербата и стравот од јавниот живот (Galston 2004).

Иако Република Северна Македонија од почетокот на 90-тите години на 20 век (од ноември 1991 година формално правно со новиот устав) ја започна својата долга транзиција од еднопартиски авторитарен концепт на политички систем кон демократски и плурален систем, сепак државата недоволно инвестираше во основниот предуслов за одржливост и функционалност на демократијата: образование за граѓаните за практицирање на демократијата. Не потценувајќи ја значајната улога на неформалното образование и обука, а во рамките на тоа бројните школи, јавни предавања, обуки, трудови и анализи за различни аспекти од демократијата организирани во изминатите три децении, изостана системски и организиран пристап во организирање на политичко образование во духот на демократските вредности од страна на државните институции.

Во оваа студија се анализираат темите од областа на политичкото образование во наставните содржини во средното образование во Северна Македонија, концептот на предметот „Граѓанско образование“ што е застапен во наставните програми за осмо и деветто одделение во основното образование и неговото влијание врз политичкото образование на учениците. Се анализираат можностите за воведување на политичкото образование во средните училишта во нашата држава, ставовите и перцепциите на младите во Република Северна Македонија и потребата за воведување на политичко образование. Документот содржи и компаративна анализа на карактеристиките и моделите на политичко образование во неколку етаблирани демократски држави во Европа. На крајот, студијата нуди препораки за креаторите на јавни политики во однос на потребата и можностите за воведување на политичкото образование во наставните програми на средните училишта.



# I.

# Политичкото образование во наставните содржини во средното образование

# Теми од областа на политичкото образование во наставните содржини во средното образование во Република Северна Македонија

Политичкото образование не е застапено како посебен наставен предмет во средните училишта во Република Северна Македонија. Сепак, во рамките на наставните програми од различни предмети, а пред сè, во наставните предмети Социологија, Вовед во правото, Историја и Граѓанско образование (во средните стручни училишта) застапени се теми што во потесна и поширока смисла можат да се определат како теми од сферата на политичко образование.

За потребите на оваа анализа како потесни теми од сферата на политичко образование ќе ги определиме темите што се однесуваат на демократијата и концептите за демократијата, човековите права и слободи, правната држава и начелото на владеење на правото, организацијата и функционирањето на политичкиот систем во државата (законодавната, извршната и судската власт), изборите и избирачкото право, државната и јавната администрација, политичките партии и граѓанските организации, непосредните демократски облици на изјаснување на граѓаните (референдум и други облици на директна демократија), локалната самоуправа и други облици на граѓанска партиципација (граѓански иницијативи), медиумите, меѓународниот поредок и други.

Во пошироки теми од сферата на политичкото образование влегуваат и класичните социолошки теми како што се населението, семејството, другите социјални групи, поединецот и општеството, културата и идентитетот, религијата, мултикултурализмот, социјалните конфликти, општествените вредности како мирот, социјалниот дијалог и нивниот антипод насилството и други. Понатаму, во оваа група се и социоекономски теми како моделите на економски системи, работата и невработеноста, моделите на социјална заштита, претприемништвото и конечно, историски теми врзани со историските процеси и фактори што влијаат врз современото општество, државата и политиката.

За разлика од основното образование, каде што најголемиот дел од наведените теми се интегрирани во посебен предмет „Граѓанско образование“ што е задолжителен предмет во осмо и деветто одделение од основното образование, во средното образование овие теми се распределени во повеќе предмети вклучително и во „Граѓанско образование“, што се предава единствено во средните стручни училишта.

Во овој дел од анализата акцентот е ставен врз потесните теми од сферата на политичкото образование во наставните програми за средните училишта во Република Северна Македонија. Потесниот приод е прифатен поради две причини. Прво, доколку под политичко образование ги опфатиме најголемиот дел од темите што се однесуваат на општеството, тогаш ризикуваме да избришеме секаква граница меѓу социологијата, историјата, граѓанското образование од една страна и политичкото образование од друга страна. На тој начин политичкото образование, без оправда-

ност, ќе биде употребувано како генерички поим за се она што е предмет на проучување на општествените науки.

Второ, таквиот приод директно би не довел до заклучок дека е невозможно да постои посебна наставна дисциплина „политичко образование“, бидејќи нејзиниот опфат би бил толку широк што ќе биде невозможно да се изработи наставна програма приспособена за ученици од средното образование со реалистични цели и реалистични очекувања за компетенциите што треба да ги стекнат учениците.

Се разбира, ваквиот заклучок би бил непоткрепен доколку наставната програма по политичко образование е фокусирана на наведените потесни теми од сферата на политичкото образование. Овој пристап не значи дека во нашата студија влегуваме со априорен заклучок дека единствено посебна наставна дисциплина именувана како политичко образование може да ја постигне посакуваната цел за свесни и активни граѓани во демократско општество иако таа опција има свои предности што детално ги анализираме во студијата.

Во продолжение ги анализираме наставните програми за предметите Социологија за средното гимназиско образование (задолжителен предмет за втора година и изборен предмет за трета година) и Вовед во правото (изборен предмет за трета година), а за средното стручно образование модуларно дизајнираната програма за Граѓанско образование (задолжителен предмет за прва година за сите профили), од учебната 2018/2019 година во експериментална фаза во осум средни стручни училишта (Ајрулаи, Чешларов, Чонтева, Мицковска Ралева 2020).

| **Наставни програми** | **Прва година** | **Втора година** | **Трета година** | **Четврта година** |
|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | | Социологија (задолжителен предмет) | Вовед во правото (изборен предмет)<br>Социологија (изборен предмет) | Социологија (изборен предмет) |
| Средно стручно образование (четиригодишно) | Граѓанско образование (задолжителен предмет)<br>Право и државно уредување (задолжителен предмет за правна и економска струка) | | Социологија (задолжителен предмет) | |

**Табела 1:** Преглед на предмети поврзани со политичкото образование во средното образование во Република Северна Македонија.

**Извор:** Биро за развој на образованието и Центар за стручно образование и обука

Во наставната програма за Социологија како задолжителен предмет за втора година на гимназиското образование во делот посветен на општествените институции една од наставните целини ги опфаќа темите: „политика, влада и држава (карактер на државата: политички апарат, територија, право, употреба на сила; модерната држава и граѓанските права; политички партии; демократија; партиски системи)“, а со цел учениците да се стекнат со следниве компетенции: „да ги објасни карактеристиките на државата; да ја дефинира модерната држава; да ја објасни улогата на политичките партии во демократското општество; да го објасни системот на гласање во Република Северна Македонија; да ги наброи видовите на демократија)“ (Наставна програма по социологија за втора година: задолжителен предмет 2002).

Во наставната програма за Социологија како изборен предмет за трета година на гимназиското образование темите што се обработуваат се на напредно ниво, што произлегува од посебниот интерес на учениците што го избрале овој предмет. Во таа насока знаењата се прошируваат со теми за „владеењето и политиката во современиот свет“, а се обработуваат наставните единици: глобалната распространетост на либералната демократија, партиските системи во современите општества, глобализација и општествените движења и националистичките движења денес“. Целта е учениците да се стекнат со компетенции „да наведат примери за глобалната распространетост на либералната демократија, да ги опишат партиските системи во современите општества, да ги утврдат причините за општествените движења во рамките на глобализацијата и да го објаснат настанокот на националистичките движења денес“ (Наставна програма по социологија за трета година: изборен предмет 2002).

Во наставната програма за Вовед во правото како изборен предмет за трета година акцентот е ставен на поимот на државата, белезите на државата, нејзиното место во политичкиот систем, државните институции и функциите на државата. Сумарно, преку нормативно-институционалниот систем целта е учениците да се запознаат со односот меѓу државата и правото, односно местото на државата во правниот поредок (Наставна програма по вовед во правото за трета година: изборен предмет 2002).

Модуларно дизајнираната програма за Граѓанско образование (задолжителен предмет за прва година за средно стручно образование за сите профили) од 2019 година има значително посовремен пристап преку поврзување на теоретските знаења и практичните вештини што треба да ги стекнат учениците со цел да можат активно да се вклучат во демократскиот политички поредок. Илустративно, во делот „Граѓанинот и државата“ се вклучени темите: демократски вредности, власта во функција на граѓаните, организација на власта во Република Северна Македонија, владеење на правото, изборите и демократските процеси во општеството и општествената улога на државната и јавната администрација. Во делот „Граѓанинот и светот“ се вклучени темите: глобализацијата и општеството, Република Северна Македонија во меѓународните организации и Република Северна Македонија како дел од Европа. Целта е учениците да се запознаат со демократските вредности, да се запознаат со поимите власт, моќ, но и транспарентност, отчетност и злоупотреба на власта, да се запознаат со организацијата на власта во Република Северна Македонија, односно да ги знаат организацијата и надлежностите на законодавната, извршната и судската власт како и на локалната самоуправа и процесот на децентрализација на власта, да се запознаат со концептот на правната

држава, со проблемите на непотизмот и корупцијата со видовите изборни системи и со изборниот систем во Република Северна Македонија, со државната и со јавната администрација, а во делот посветен на Република Северна Македонија и на меѓународните организации со видовите и надлежностите на меѓународните организации и положбата на нашата држава во нив. Во делот на нашата држава и Европа треба да се запознаат со европските вредности и со културниот диверзитет во Европа. Начинот на пренесување на знаењата и вештините е комбинација од учење, дебата меѓу учениците, самостојно и групно истражување, изработка на кратки есеи и да се стекнат со способност за користење на ИКТ технологијата во истражувањето и барањето на информации. Во таа смисла оваа програма е најблиску до современите едукативни програми за политичко образование каде што се балансира меѓу теоретското знаење и практичната примена на стекнатото знаење со посебен акцент на оспособувањето на учениците да истражуваат и критички да размислуваат и заклучуваат. (Модуларно дизајнирана програма за граѓанско образование 2019).

За разлика од модуларно дизајнираната програма за граѓанско образование од 2019 година, која претставува добар пример на современа наставна програма со содржини во духот на демократските вредности, македонската јавност во изминатите години беше запознаена со повеќе примери на несоодветни содржини во учебници по граѓанско образование, социологија и општество што повеќе години биле во активна употреба во училиштата. Така, во учебникот по граѓанско образование за 8 одделение се шири стереотип за „добри и лоши жени“ преку тврдење дека само „почитуваните жени и здравите мајки можат да обезбедат здрави семејства“ („Повлечен учебникот Граѓанско образование за 8 одделение“ 2017). Во учебникот по социологија за трета година од 2004 година се стереотипизираат сиромашните луѓе како „луѓе со мали способности и вештини, без или со ниско образование и неспособни за посложени работи“ („Сиромашните се неспособни, жените раѓаат, перат и шијат, а мажите кои помагаат дома се папучари и слабичи - стои во дискриминаторскиот учебник по социологија за трета година“ 2021). Во учебник по Граѓанско образование за осмо одделение се промовира авторитарен принцип на однос кон власта преку тврдење дека „Бакнување рака на повозрасните е изразување на почит кон авторитет, а лојалните граѓани се подготвени да ги следат правилата и прописите во општеството и по цена да мораат да се откажат од своите слободи“ (Учебници за создавање поданици 2014).

На крајот, но не и најмалку важно, се формите на ученичко учество во одлучувањето во средните училишта преку ученичките тела во рамките на средношколското организирање. Политичкото и демократско образование може да се стекне покрај предметна настава и на практичен начин, преку средношколското организирање и неговите карактеристики како избори, претставничко организирање, учество во одлуки, итн. Средните училишта имаат можност да донесат одлуки за форми на средношколското организирање и учество во одлучувањето (Јованов, Станковски 2015). Сепак, средношколското организирање не е уредено или гарантирано со закон, како што е тоа случајот со студентското организирање преку Законот за високо образование или локалното младинско организирање преку Законот за младинско учество и младински политики.

# Концептот, целите и тематските содржини на предметот „Граѓанско образование“ во основното образование во Република Северна Македонија и нивното влијание врз политичкото образование на учениците

Предметот „Граѓанско образование“ е задолжителен предмет во осмото и деветтото одделение во основното образование во Република Северна Македонија. Основната цел на граѓанското образование во основните училишта е да им овозможи на „земјите да ги образуваат граѓаните за правата и одговорностите, за развивање на вредносен систем во којшто се почитуваат човековите права, а во тој контекст и правата на децата, како и прифаќање и почитување на различноста“ (Мицковска, Чешларов, Мицковска Ралева 2016). Иако граѓанското образование не може да се изедначи со политичкото образование ниту, поаѓајќи од возраста на учениците во основното образование, е возможно да се организира настава по политичко образование, сепак тоа овозможува добра подготовка и е одлична основа за вклучување на политичкото образование во наставата на учениците во рамките на средното образование.

Преку образование и стекнување на практични вештини за граѓанското општество, градење одговорност за своите постапки, сензибилизирање за идентитетот, културата, но и ставовите и мислењата на другите, поттикнувањето кон соработка и надминување на конфликтите преку дијалог и на мирен начин, оспособување за критичко размислување и заклучување, градење на чувство за солидарност и припадност кон заедницата, градење приврзаност кон човековите права, демократијата, правдата, еднаквоста и законитоста како основни општествени вредности, учениците го започнуваат процесот на личен развој во активни граѓани кои учествуваат во демократскиот политички процес на својата држава.

Во наставната програма по „Граѓанско образование“ за осмо одделение, покрај останатите теми, застапени се и содржини што влегуваат во сферата на политичкото образование. Под генералната тема: „Граѓанинот и државата“, учениците се запознаваат со разликата меѓу општеството и државата, со државното уредување, со активното граѓанство, со поделбата и организацијата на власта, со уставот како основен правен акт и со функциите на државата. Учениците, исто така, се запознаваат со меѓународните организации, начинот на нивното функционирање, со најважните глобални и регионални меѓународни организации, со придобивките за државите од нивното учество во меѓународните организации и специфично, со улогата на меѓународните организации во заштитата на правата на децата (Наставна програма по граѓанско образование за осмо одделение 2018).

Во наставната програма за деветто одделение, покрај останатите теми, учениците се запознаваат со владеењето на правото и правната држава, како и со корупцијата како клучен општествен проблем во функционирањето на правната држава, со изборите и изборните системи, со државната и со јавната администрација, но и со Европ-



ската Унија и европската интеграција на Република Северна Македонија (Наставна програма по граѓанско образование за деветто одделение 2018).

Од наведеното можеме да заклучиме дека, барем на ниво на наставни планови и програми, основното образование е место за иницијална политичка социјализација на младите и нивна подготовка за активно вклучување во општествениот живот. Сепак, она што недостасува е покрај теоретското запознавање со наведените теми, да се предвидат и содржини што во практична смисла ќе ги поттикнат, но и обучат младите за активно политичко учество или уште пошироко, активно граѓанско учество.

Но, и покрај тој недостаток, позитивно е што споредено со средното образование (со исклучок на средното стручно образование) каде има многу помалку теми врзани со политичкото образование и тие се распоредени во повеќе различни предмети, во основното образование има поширок пристап во смисла на опфат на теми и нивно поврзување во посебен наставен предмет.

# Политичко образование во средното образование во Северна Македонија—придобивки и ризици

Стратегијата за образованието за 2018-2025 година (Стратегија 2018) во делот посветен на за општото средно образование за приоритет го поставува подобрување на содржината на средното образование со цел „средното образование (да) придонесува кон познавање на човековите права, почитување на различностите и практикување на демократските вредности кај учениците" (Стратегија 2018: 45).

Досегашното искуство со граѓанското образование во основните и во средните училишта покажува дека учењето и дебатирањето за политиката не треба да биде табу-тема во образовниот систем на една демократски уредена држава. Во анализата „Реализација на наставата по граѓанско образование во средните училишта[1]" на Македонскиот центар за граѓанско образование, половина од испитаните ученици сметаат дека граѓанското образование треба да се изучува во средните училишта, а уште поголем процент од наставниците (повеќе од 60%) се согласуваат со тој став. Сепак, најголем дел од испитаните учесници одговориле дека „најмалку интересни" им се темите поврзани со организацијата на власта во Република Северна Македонија, изборите и воопшто, демократските процеси. Истовремено, кај наставниците најмногу поддршка во смисла на обука недостасува за темите: власта во функција на граѓаните, граѓанските организации и групите за застапување. Интересно е дека во однос на методите учениците сметаат дека посета на институции за запознавање со нивната работа е корисен метод на учење, додека наставниците одговориле дека тој метод е „најмалку применлив" (Ајрулаи, Чешларов, Чонтева, Мицковска Ралева 2020: 44-45). Иако охрабрува позитивниот став на учениците и наставниците кон потребата од изучување на Граѓанско образование како наставен предмет (во кој се вклучени и потесни теми од сферата на политичкото образование), сепак содржината на одговорите е загрижувачка. Имено, не потценувајќи ја важноста на т.н. животни вештини што учениците преферираат да ги изучуваат, игнорирањето на политичките теми во потесна смисла како власта, изборите, политичките партии, демократските процеси на одлучување е исклучително негативен знак за виталноста на еден демократски поредок.

Веројатно дел од негативниот став на учениците кон овие теми се должи и на фактот што наставниците, според нивните одговори, не се доволно подготвени за нив, но и означувајќи ја посетата на институциите како место каде што учениците во практика се среќаваат со политиката како „најмалку применлив" метод на настава наспроти ставот на учениците дополнително ги демотивираат. Сепак, нема да биде пренаглсување доколку заклучиме дека негативниот однос е и рефлексија на генералната недоверба во политиката, во институциите на власта и воопшто, широко распространетата општествена апатија. Учениците во средните училишта се премлади според возраста да изградат такви ставови од сопствено искуство, па можеме да заклучиме

[1] Istrazuvanje-za-gragjansko-obrazovanie-vo-sredno_MK.pdf (mcgo.org.mk)

дека тие ставови се пренесени од семејството и околината во која живеат. Доколку е тоа точно, ваквата ситуација дополнително загрижува, бидејќи покажува дека семејството и околината не се простори за соодветна политичка социјализација во нашата држава.

Во таков општествен амбиент скоро невозможно е да се очекува консолидирање на демократијата во нашата држава. Многу полошо, веќе се соочуваме со процес на политичка радикализација, особено меѓу младите и растечки популизам како алтернатива на делиберативниот демократски процес. Во натамошните делови од анализата податоците од истражувањата се во прилог на овој заклучок.

Соочени со овие тенденции, потребно е да се разгледаат аргументите за и против воведувањето на политичкото образование како посебен наставен предмет во завршните години на средното образование.

Првиот аргумент кој оди во прилог на таква одлука е фактот дека најголем број од учениците уште во средното образование се стекнуваат со политички права: најголемиот број од нив во завршната година на средното образование се стекнуваат со активно и пасивно избирачко право, а уште со навршување на 15 години, под законски определени услови (најчесто ученици во прва година од средното образование) се стекнуваат со право да основаат и членуваат во здруженија на граѓани, што е важна форма на општествен активизам (Закон за здруженија и фондации 2010 и натаму). Како гласачи тие треба да донесуваат одговорни и информирани политички одлуки. Градењето на политички став е директно зависно од нивото и видот на политичкото образование на граѓанинот, па оттука најдобро место за политичко образование е образовниот систем. Предноста на политичко образование во рамките на образовниот систем е улогата на институциите и струката во изработката и имплементацијата на наставните програми. На тој начин политичката дебата и политичките ставови се канализираат во демократските процеси наместо да бидат оставени на стихијата во која доминираат радикализмот и екстремизмот.



Следен аргумент во прилог на воведувањето на политичкото образование се разликите во фокусот меѓу граѓанското образование, социологијата и политичкото образование. Тие меѓусебно се надополнуваат, но не се идентични. Со оглед на ширината на темите што се застапени во граѓанското образование и социологијата и методот на нивна анализа, се наметнува потреба од фокус на политичкиот процес преку методот на политичката наука.

Конечно, политичкото образование ќе придонесе и во зголемување на атрактивноста на политичките студии кои, според интересот за студирање на матурантите, веќе една деценија се во криза на сите универзитети во нашата држава. Политиколозите се клучни учесници во политичката дебата со големо влијание врз јавното мислење и процесите на креирање на квалитетни политики. Демократската заедница не смее да биде рамнодушна кон положбата на политичката наука во општеството.

Клучниот аргументи против или приговор во однос на политичкото образование е опасноста од политичкото влијание во образовниот систем, како и дека програмата ќе биде проширена во обем кој би го оптоварил образовниот процес. Не потценувајќи ја можноста за злоупотреба, можеме да заклучиме дека институционализацијата на политичкото образование овозможува поефикасни алатки за борба против злоупотребите отколку игнорирањето на значењето на политиката за функционирањето на демократијата и општеството во целина.



# II.

# **Ставови и перцепции на младите во РСМ**
## за потребата од политичко образование

Анализата на три фактори кај младите во РСМ е исклучително важна со цел да се укаже на потребата од политичко образование па и поширока политичка социјализација кај младите, особено кога постои простор за загриженост при анализа на овие категории. Прво, самите политички ставови и перцепции кај младите во РСМ, анализирани во контекст на одреден временски период од скоро две декади, најдобро покажуваат дали и колкав простор за политичко образование постои кај младата популација во државата, но и кои сфери се поургентни за адресирање, како и дали ова може да се адресира преку формални тренинзи надвор од школските содржини или како формален дел од образовниот процес. Второ, медиумската писменост укажува на способноста за критичко и рационално примање и обработка на информации кај младите луѓе, но и на степенот до кој оваа популација има развиено медиумски имунитет кон лажни вести и теории на заговор. Недостатокот на медиумска писменост може да создаде сериозни проблеми во градењето на политички ставови со оглед на примарните средини од каде младите црпат информации за политичките категории и секојдневни настани, а тоа секако се интернетот, социјалните мрежи и телевизијата, кои секако изобилуваат со малициозни содржини. Конечно, успехот на образованието во државата, кое е во тесна корелација со идното политичко учество на младите, може да се измери и анализира преку резултатите од PISA тестовите, кои не покажуваат завидно ниво на успех во локалниот контекст.

## Политичките ставови на младите во РСМ

Политичките ставови кај младите во РСМ, може да се следат во подолг временски период преку студии кои даваат лонгитудинален увид во перцепциите на младите во однос на политичките феномени и појави. Во периодот од 2006 до 2022 година изработени се редица на студии кои укажуваат на тешко променливи или непроменливи перцепции кај младите во РСМ за интересот за политиката, задоволството од претставеноста на младите, демократските вредности и односот кон маргинализираните групи, доверба во институциите на власта, општата доверба како и склоноста кон авторитарни расположенија и чувства. Со цел да се долови временската перспектива, каде е тоа можно, податоците се споредувани со студии во кои се поставувани слични или исти прашања кон младата популација, со соодветни методолошки забелешки таму каде што постојат разлики во формулациите или смислата на прашањата.

Една од фундаменталните категории кои укажува на тоа дека постои потреба од воведување на политичко образование кај младата популација е **интересот за политиката**, домашна и меѓународна. Општо за политика во 2019 година интерес покажале 16,8% од младите испитаници (Топузовска-Латковиќ et al. 2019)[2] додека овој број во 2006 година бил далеку понизок – 7% (Талески et al. 2006). Ова е значително зголемување во период од 13 години, а во 2019 година најголем интерес младите покажале пред сè за локалната политика (22,8%), политиката на национално ниво

[2] 15292.pdf (fes.de)

(20,5%), а помал интерес за политиката во ЕУ (17,6%), САД (12,9%) и Русија (8,4%). Се чини дека интересот за политика опаѓа кај младите како што истата се оддалечува од нивните секојдневни проблеми и од локалната се сели во меѓународната сфера, што е сосема разбирливо со оглед на приоритетот по кој различните нивоа на организирана политичка активност влијаат на секојдневието на младите.

Она што е интересно е дека во 2006 година, многу повеќе млади се изјасниле како припадници на политички партии и тоа 15%, што е навидум контра индиција споредено со процентот на млади луѓе кои покажале интерес во политиката – само 7%. Ова јасно говори во прилог на инструменталната природа на политичкото учество кај младите, кои во политичките партии гледаат инструмент за остварување на одредени краткорочни егзистенцијални цели (вработување пред сè), а дури потоа автентичен форум преку кој би можел да ги искажат сопствените ставови, идеи и активизам. Ваквите наоди се потврдуваат и во најновите истражувања кои го третираат прашањето на интересот на младите за политиката, па така во истражувањето на Фондацијата за демократија на Вестминстер од 2021[3] година на тема социо-политичко учество на младите во РСМ, дури 57% од испитаниците не се воопшто заинтересирани и не ги следат политичките настани. Ова јасно укажува дека интересот за политика е не само инструментален кај младата популација, туку и релативно слаб т.е. кај најголем дел од нив постои незаинтересираност за учество.

Ова се врзува не само за интересот за политика туку и за **задоволството од претставеноста на интересите на младите во политиката**, што е еден од факторите кој директно ја диктира мотивацијата на младите луѓе за интерес и учество во политичкиот живот. Така истражувањата укажуваат на тоа дека дури 64,8% од младите се незадоволни од своето место во општеството а помалку од третина (29,2%) сметаат дека властите се воопшто запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе (Ѓоргиовска и Галевски, 2021). Дополнително, високи 62% од младите испитаници сметаат дека Владата не посветува доволно време на решавање на проблемите на младите. Ако кон ова се додадат и 75% од испитаниците кои никогаш не биле консултирани за ниту една одлука од страна на институциите, јасно е дека постои евидентно незадоволство кај младите од претставеноста во политиката што секако ја намалува мотивацијата да учествуваат активно во јавната сфера преку политичко делување.

Во однос на прашањето за **демократски и авторитарни вредности** и само површна анализа на податоците (Топузовска-Латковиќ et al. 2019)[4] кои стојат на располагање укажува дека авторитарните политички вредности сè уште играат релативно голема улога во општествениот амбиент кај младите во РСМ. Така, дури 71,3% од младите сметаат дека Македонија треба да има лидер кој ќе ја води со цврста рака за општо добро, придружено со потреба за силна партија која би го претставувала обичниот народ – 68,5%. Може да се претпостави дека се работи за статистички иста маса на

3 https://www.wfd.org/what-we-do/resources/wfd-study-young-people-north-macedonia-are-largely-dissatisfied-their-place

4 15292.pdf (fes.de)

испитаници кои потврдно одговориле на двете прашања, а овие одговори укажуваат на неколку феномени. Пред сè, ваквите податоци создаваат плодно тло за економски и национално обоен популизам мотивирани од чувството на недоволна претставеност на младите луѓе во политичкиот живот, неможноста да се влијае врз политичките процеси (дистанца на моќ) и незадоволство од постојните политички актери во политичката арена. Она што е позитивно е тоа што кај младите постои релативно ниска поддршка за насилно решавање на конфликти (12,5%) како и релативно ниска поддршка за диктатура која би се вовела како режим под одредени околности (17,4%).

Кај младите во РСМ постои сериозен авторитарен полнеж, особено кога се работи за вредности кои тангираат етнички/национални теми или демократско управување со државата (наспроти пристапот на „цврста рака“). Овој авторитарен и често нетолерантен тон е јасно видлив и кај други статистички категории, особено кај односот кон маргинализираните групи, а посебно сексуалните и етнички малцинства, што укажува на загрижувачка состојба кај популацијата која би требала да го претставува најлибералното и најтолерантно општествено милје. Истовремено, лонгитудиналната анализа на податоците во 2006 и 2019 година покажува дека постои лимитиран прогрес во перцепциите кон етничките и сексуални малцинства.

Во однос на **перцепциите кон општествено маргинализираните групи во општеството**, постојат одредени поместувања во периодот меѓу 2006 и 2019 година. Сепак, очигледно е дека основниот „тон“ на јавното расположение кај младите останува во голема мера еднаков т.е. младите во РСМ, покажуваат повеќе солидарност и толеранција кон социјално и здравствено загрозените категории отколку кон сексуалните и етничките малцинства. Ова укажува на млада популација која е социјално сензитивна, но е помалку сензитивна кон „другоста“ во општеството покажувајќи забележливо помали вредности кај категориите на сексуалните и етничките малцинства.

| | Youth Aspiration Survey 2006 | | | Студија за млади во РСМ 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Правата треба да се подобрат | Имаат доволно права | Правата треба да се редуцираат | Немаат доволно права | Имаат доволно права | Имаат премногу права |
| **Жени** | 50% | 40,6% | 6,1% | 38,1% | 53,2% | 8,6% |
| **Етнички малцинства** | 21,5% | 47,4% | 25,6% | 35,2% | 50,2% | 14,6% |
| **Хомосексуалци/ЛГБТ** | 12,6% | 22% | 49% | 33,8% | 44,1% | 22,1% |
| **Лица со посебни потреби** | 90% | 7,4% | 0,9% | 64,4% | 28,3% | 7,3% |
| **Сиромашни лица** | 89,2% | 6,3% | 1,4% | 69,8% | 24,0% | 6,2% |

**Табела 3:** Преглед на ставови кај младите во РСМ во однос на маргинализирани општествени групи во периодот 2006-2019

**Извор:** Талески et al. 2006 и Топузовска-Латковиќ et al. 2019

Така на пример, евидентно е дека кон лицата со посебни потреби и лицата кои се социјално загрозени не отсуствува солидарност, иако кај двете категории постои огромен пад во поддршката на остварување на поголеми права, некаде и преку 20%, што е само по себе загрижувачки податок. Забележлив е и порастот во категоријата на оние кои сметаат дека овие две категории лица имаат премногу права и тоа неколкукратно, иако статистичката маса на оние кои сметаат дека лицата со посебни потреби и социјално загрозените лица имаат доволно права (или истите би ги редуцирале) останува убедливо под 10%. Сепак статистичките вредности кај овие две категории на граѓани се далеку поголеми отколку кај другите три категории, а особено кај етничките и сексуални малцинства.

Во оваа смисла, најмала општествена поддршка за остварување на дополнителни права и во 2006 година и во 2019 година има ЛГБТ популацијата, иако бројот на оние кои сметаат дека оваа популација нема доволно права е скоро трипати поголем, што сепак укажува на одредена сензибилизација кај младите кон овие категории во период од 13 години. Во двете серии на испитувања кон ЛГБТ популацијата, се јавува и најголем отпор т.е. категоријата „имаат премногу права“ е статистички најфреквентна, иако тука се забележува огромен пад во испитуваниот временски распон, за повеќе од двојно, што е секако позитивен тренд.

По ЛГБТ популацијата, втората статистички најзначајна категорија за коментирање се секако етничките малцинства, каде, исто така, постои одредена еволуција во перцепциите. Иако средишната категорија на млади кои перципираат дека етничките малцинства имаат доволно права останува скоро иста (близу половина од статистичката маса), се бележи пад во категоријата на млади кои се изјаснуваат дека етничките малцинства имаат премногу права, а се бележи и пораст во категоријата млади кои сметаат дека етничките малцинства немаат доволно права и тоа за скоро 14%, што претставува солидна еволуција на сензибилизираноста кон правата на етничките малцинства.

Можеби најинтересен податок за анализа се правата на жените, каде трендовите се сосема обратни од она што може да се забележи кај етничките и сексуални малцинства. Имено кај перцепциите на младите за правата на жените во нашето општество се бележи виден пад на поддршката за остварување на повеќе права на женската популација од скоро 12%, додека средишната категорија на оние кои сметаат дека жените имаат доволно права пораснува во периодот 2006-2019 година за скоро 13%. Ова веројатно индицира одреден пораст во конзервативното размислување во однос на правата на жените, што не е случај со претходните две категории.

Веќе анализираните ставови кај младите се придружени и со низа други перцепции кои вреди накратко да се споменат. Дел од нив се однесуваат на слабата доверба кон политичките институции, а поизразена доверба кон институциите кои располагаат со сила на принуда како армијата и полицијата, но и верските институции (Топузовска-Латковиќ et al. 2019). Кон ова се придодава и веќе споменатата перцепција на младите за недоволната ангажираност на Владата околу проблемите на младите во државата, но и перцепцијата на 83,9% од испитаниците дека не можат да влијаат врз

работата на властите (Ѓоргиовска и Галевски, 2021). Овие перцепции кај младите се придружени и со негативна перцепција за квалитетот на животот во земјата кај младите, лоша евалуација на образовниот систем и незадоволство од младинските политики и вклученоста на младите на локални и централно ниво (Георгиевска 2021). Кај средношколската популација, од друга страна, студијата на Коруновска-Србијанко и соработниците (2011) лоцира проблеми како што се скептичност кон можноста да учествуваат во решавање на локалните проблеми, недоверба кон локалната власт, перцепција за економски неуспех на државата како и само-перцепција на социјална исклученост кај секој четврти испитан средношколец. Ако кон ова се придодаде и перцепцијата кај младите луѓе дека невработеноста, одливот на мозоци и сиромаштијата се трите најголеми проблеми со кои младите се соочуваат (Реактор 2018), јасно е дека кон авторитарниот тон на политичките перцепции кај младите во РСМ се придодаваат и реални егзистенцијални стравови, што веројатно создава опасна комбинација на идно гласачко тело чија политичка побарувачка би се базирала многу повеќе на популизам, егзистенцијални и преживувачки, а не либерал-демократски вредности (Inglehart &Welzel 2013), но и вредности кои ќе ги вреднуваат политичките актери кои нудат брзи решенија наспроти демократските процедури вреднувањето на човековите права.

## Медиумска писменост во РСМ

Медиумската писменост во најопшта смисла се дефинира како „способност за пристап кон, анализа, евалуација и комуникација на пораки во најразлични форми“ (Aufderheide 2001), односно „вешто собирање, интерпретирање, тестирање и примена на информации наспроти нивната медиумска презентација и цел“ (Anderson 1981). Дефиницијата на медиумската писменост јасно укажува на одреден капацитет за критичко размислување и препознавање на вистинската содржина зад информациите пласирани преку медиумите, како и капацитет за препознавање на содржината која се наоѓа „меѓу мислата и текстот“ (Barton and Hamilton 1998). Целата смисла на медиумската писменост е подигање на индивидуалниот капацитет за препознавање на ризиците и опасностите кои современите медиуми ги носат преку пласирањето на неточни, спинувани информации или полувистини односно „одбрана од негативните ефекти на медиумите...преку конкретни тренинзи на индивидуи за медиумска писменост...или преку едукација за медиумска писменост во контекст на општествените науки“ (Potter 2010). Иако во експертската јавност не постои консензус кој е подобар начин за кревање на општата медиумска писменост (тренинзи или системска едукација), јасно е дека пред РСМ стои огромен предизвик во оваа смисла, со оглед на лошата состојба со медиумската писменост, на која укажуваат лонгитудинални истражувања во оваа сфера.

Институтот Отворено Општество од Софија скоро една деценија го изработува Индексот на медиумска писменост (Index of media literacy) кој претставува композитен индекс составен од четири компоненти: показател за слобода на медиумите, едукативни показатели (преземени од успехот на PISA тестовите на соодветните држави),

генералната доверба во луѓето во испитуваните општества и новите форми на партиципација - е-партиципација индексот на Обединетите нации (Open Society Institute Sofia 2017). За првпат, овој индекс е измерен во РСМ во 2018 година, а резултатот е крајно загрижувачки – РСМ е убедлив последна од сите измерени европски земји со индекс на медиумска писменост од само 10 индексни поени (Open Society Institute Sofia 2018). За споредба, од вкупно 35 рангирани европски земји, прворангираната Финска има индекс од 76. Ова укажува не само на огромната дискрепанција меѓу најразвиените и најнеразвиените делови на европскиот континент во смисла на медиумска писменост туку укажува и на директна корелација меѓу економската развиеност и медиумската писменост, со помали отстапувања кај одредени држави. Во подоцнежните истражувања базиран на овој индекс, ситуацијата за жал не се менува драстично, иако постои определено подобрување во 2019 и во 2021 година, јасно е дека РСМ останува закована на самото дно на медиумската писменост во Европа (Табела 1). До слични резултати доаѓаат и истражувања спроведени во РСМ кои укажуваат на слични резултати. Така, истражувањето на медиумската писменост изработено во 2020 година (Трпевска), укажува на тоа дека иако помладите возрасни групи имаат повеќе и поразвиени дигитални вештини, се забележува општ недостаток на функционална писменост кај сите возрасни групи. Дополнително, кај испитаниците постои свест за суштинските разлики во известувањето на медиумите за еден ист настан, но ангажманот за фактографска проверка на вистинитоста на одредена вест изостанува или се базира на лична комуникација со блиски и пријатели. Исто така, постои многу мал активациски потенцијал кај испитаната популација над 16 години за реагирање во случај на содржини кои навредуваат групи или поединци, но и отсуство на мотивација за користење на медиумите како форма на политичка партиципација. Од овие резултати јасно произлегува дека покрај слабиот информациски имунитет, предизвици постојат и во форма на општата функционална писменост на популацијата, верификувањето на вистинитоста на вестите, но и пасивност на популацијата во еден од најважните димензии на современата партиципативна демократија – онлајн учеството.

| ***Држава*** | ***Индекс на медиумска писменост 2018*** | ***Индекс на медиумска писменост 2019*** | ***Индекс на медиумска писменост 2021*** |
|---|---|---|---|
| **Хрватска** | 44 | 43 | 43 |
| **Србија** | 31 | 31 | 32 |
| **Бугарија** | 30 | 32 | 29 |
| **Црна Гора** | 28 | 29 | 26 |
| **Албанија** | 22 | 22 | 22 |
| **Босна и Херцеговина** | 25 | 24 | 19 |
| **Северна Македонија** | 10 | 12 | 15 |

**Табела 2:** Индекс на медиумска писменост кај земјите во југоисточна Европа

**Извор:** Open Society Institute – Sofia (2018-2021)

Ваквите поразителни резултати укажуваат дека популацијата во РСМ има исклучително слаб капацитет за препознавање, разликување и пред сѐ филтрирање на лажни вести, полувистини и информативни спинови, односно дека контаминацијата на медиумскиот простор и социјалните мрежи со лажни информации многу лесно влијае на формирањето на јавното мислење во државата. Недостатокот на ваквиот одбранбен механизам (информативен имунитет) е тесно поврзан и со склоноста за верување во теории на заговор, за што ќе стане збор подолу во анализата, но и со слабиот едукативен перформанс на училишниот систем, на кој и самиот индекс за медиумска писменост почива како една од клучните компоненти.

Она што особено остава простор за загриженост, а отвора и можност за делување на поширок број општествени актери, се секако и релативно високите вредности на испитувањата на јавно мислење кога се работи **за верување во теориите на заговор и лажни вести**. Афинитетот за верување во теориите на заговор, а особено лажните вести се објаснува преку различни фактори како што се склоноста кон верување во вистинито/лажно дихотомии што е далеку поедноставен процес од проверувањето факти (McGrew et al 2017); помал когнитивен напори користење на периферни ментални рути за добивање информации (Osatuyi& Hughes 2018) како и релаксираниот начин на примање на овие информации кој најчесто се остварува преку интернет и потсетува на други секојдневни навики (Kanoh 2018), како јадење и пиење и со самото тоа создава полесна приемчивост на информации со сомнителна содржина. Независно од психодинамичките објаснувања за тоа што е тоа што ги тера луѓето да веруваат во лажни вести и теории на заговор, перцепциите на младите луѓе во РСМ говорат во правец на изразена склоност кон верување во теории на заговор и лажни вести, а во некои категории најмладата старосна група (18-29 години) покажува и поголеми вредности од другите старосни групи.

Ако се земе предвид дека младите во најголема мера се информираат за политичките настани од интернет (69,5%), телевизија (60,0%) и социјалните мрежи (37,8%) станува јасно дека токму ова се медиумските арени во кои демнат најголемите опасности од доаѓање во контакт со лажни вести и теории на заговор (Топузовска-Латковиќ et al. 2019). Дека ваквите содржини доминираат и се лесно приемчиви за младите луѓе, говори и табела бр.4 во која се поместени податоците по старосни групи во врска со верувањето на поединечни теории на заговор, најчесто базирани токму на лажни вести (Близнаковскиet al. 2021).

Иако во табеларниот преглед е дадена само категоријата на испитаници кои потполно се согласуваат со наведените теории за заговор и категоријата на делумно согласни испитаници бележи забележителни вредности, иако не толку високи. Сепак во сите категории процентот на делумно и потполно афирмативните ставови по однос на дадените тврдења се далеку повисоки отколку кумулативниот процент на испитаници кои делумно или потполно не се согласуваат со овие тврдења (постои и неутрална, средишна категорија). Истиот случај се повторува и кај најмладата категорија на испитаници. Дополнително, јасно дека кај процентот на афирмативни ставови не постојат преголеми разлики меѓу старосните категории, иако се на места забележливи помали варијации. Она што загрижува е тоа што во некои категории, најмладите испитаници предничат во верување во теориите на заговор како што се

тврдењата подолу. Ова јасно укажува дека најмладата испитана категорија нема воопшто поголем информациски имунитет, а дел од објаснувањето може и да се поврзе со поголемиот квантум на време кое најмладата група го поминува на интернет, како и со општо поголемиот квантум на информации со кои младите доаѓаат во допир на интернет и социјалните мрежи. Оваа поголема изложеност на вакви содржини создава и поголема веројатност за верување во теории на заговор и лажни вести. Сепак, фактот дека најмладата категорија не е порезистентна на ваков тип на содржина загрижува и во комбинација со ниската медиумска писменост остава простор за значително подобрување на ситуацијата. Загрижувачката состојба со медиумската писменост е непополнета и со слабиот успех на македонските ученици на стандардизираните PISA тестови, каде повторно се покажуваат исклучително слаби резултати.

| | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Светот го водат неколку моќни семејства | 59,0% | 47,0% | 48,5% | 52,3% | 58,2% |
| 2. Пандемијата (Ковид 19) е креирана во лабораторија со цел да се контролираат луѓето | 51,8% | 37,8% | 41,3% | 47,4% | 43,5% |
| 3. Министерството за здравство запишува повеќе мртви од Ковид 19 поради тоа што добиваат пари | 33,1% | 24,3% | 32,0% | 28,6% | 29,9% |
| 4. Климатски промени не постојат, туку се измислица | 22,9% | 18,9% | 21,4% | 18,8% | 18,6% |
| 5. Големите медиуми претежно шират лаги | 36,1% | 31,4% | 35,0% | 33,5% | 33,9% |

**Табела 4:** Преглед на афирмативни ставови по старосни групи во РСМ во однос на верување во теории на заговор (категорија: сосема се согласувам)

**Извор:** Близнаковскиет al. 2021. - податочен сет на истражувањето

## PISA тестовите и (не)успехот на македонскиот училиштен систем

Програмата за меѓународна оценка на ученици (Programme for International Student Assessment – PISA) врши стандардизирани компаративни тестирања на ученици на возраст од 15 години на глобално ниво т.е. врши проверка на знаења во областите математика, читање, природни науки и решавање проблеми (OECD 2012). Како посебна програма под капата на Организацијата за економска соработка и развој (OECD), PISA тестирањето се воспостави како меѓународен стандард кој укажува колку учениците на одредена возраст се здобиваат со конкретни знаења во наведените области споредено со нивните врсници од другите земји во светот. РСМ за првпат во овие тестирања е рангирана во 2015 година, каде во најголем дел од рангирањата врзани за испитуваните категории македонските ученици се наоѓаат во долниот дел од табелата и се значително под просекот на земјите на OECD. Ова укажува на потпросечен перформанс на македонските ученици во измерените категории, тренд кој рапидно не се промени ни со најновото испитување спроведено во 2018 година.

Во истражувањето спроведено врз база на стандардизираните PISA тестови во 2018 година, во трите основни категории (читање, математика и природни науки) македонските ученици се повторно под OECD просекот и имаат полоши резултати од скоро сите држави во Југоисточна Европа, со исклучок на Косово. Во овие рангирања, учениците од РСМ покажуваат послаби резултати од нивните врсници од Хрватска, Србија, Бугарија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина во скоро сите категории (Табела 2).



| Држава | Среден скор - читање | Среден скор - математика | Среден скор – природни науки |
|---|---|---|---|
| Хрватска | 479 | 464 | 472 |
| Србија | 439 | 448 | 440 |
| Црна Гора | 421 | 430 | 415 |
| Бугарија | 420 | 436 | 424 |
| Албанија | 405 | 437 | 417 |
| Босна и Херцеговина | 403 | 406 | 398 |
| Северна Македонија | 393 | 394 | 413 |
| OECD просек | **487** | **489** | **489** |

**Табела 1:** Среден успех на PISA тестовите во областите читање, математика и природни науки во 2018 година

**Извор:** OECD 2018



Само како илустрација на ограничениот успех на училишниот систем во РСМ, може да се истакнат следниве статистики (OECD 2018b):

- 45% од учениците во РСМ постигнале барем второ ниво на читање (OECD просек – 77%) додека само 9% од учениците постигнале најдобар перформанс (ниво 5 или 6) во показателите врзани за читање (OECD просек – 9%);
- Во врска со показателите од областа на математиката, само 39% од учениците постигнале второ ниво на познавање или повисоко (OECD просек – 76%), додека само 1% од учениците спаѓаат во групата на „топ перформери“ со ниво 5 или повисоко (OECD просек – 11%);
- Во областа на природните науки, 51% од учениците се стекнале со знаења на ниво 2 или повисоко (OECD просек – 78%), додека само 1% од учениците со знаењата се класифицираат на ниво 5 или 6 (OECD просек – 7%).

Иако PISA тестовите не го мерат директно знаењето во областа на општествените науки, јасно е дека резултатите укажуваат на општ дефицит на знаења во клучните образовни области кај македонските ученици, па оттука постои голема веројатност истите трендови да постојат и кај општествените науки. Општествените науки се секако потешки за стандардизација и споредување на глобално ниво со оглед на нивните специфики, па оттука и недостатокот на истражувања во оваа сфера. Познавањата на феномените на општествените науки се секако клучен фактор во градење на свеста за политичка партиципација и стекнување на солиден степен на политичко образование. Сепак и општото образование несомнено е предуслов на политичкото учество во јавната сфера (Persson 2013, Mayer 2011), што во голема мера укажува дека во општествата во кои постои поквалитетно образование постои и поголема веројатност за политичко учество на младите, како и за нивна поквалитетна политичка наобразба. Понискиот квалитет на образование е скоро секогаш поврзан со послабо учество во демократските процеси и склоност дефицитите во знаењето да се пополнуваат со „алтернативни факти“. Оттука подобрувањето на образовниот процес во РСМ би значело и создавање на генерации со поголеми и посеопфатни знаења во области кои се клучни за разбирање и критичко промислување на политичките и демократски процеси во државата и пошироко. Ова за сега, не е случај во државата, што влијае и на политичките вредности кои младите ги поседуваат.




# III.

# Компаративна анализа: Политичкото образование во Европа

# Карактеристики и модели на политичкото образование во Европа

Политичкото образование како сегмент од формалниот образовен процес во државниот систем е релативно нова појава во образовните политики во Европа и во светот. Првите посериозни дебати околу потребата од воведување на нова дисциплина во наставните програми во училиштата чија основна цел е да ги култивира младите луѓе кон „доблестите, знаењата и вештините кои се неопходни за политичка партиципација" (Gutmann 1987: 287) и преку тоа да ги оспособи за активен ангажман во демократските процеси, се јавуваат во периодот после Втората светска војна. Неколку декади подоцна овој процес ќе резултира со формално инкорпорирање на различни форми на политичкото образование во образовните системи во голем број на држави во светот.

Во генеричка смисла, воведувањето на политичкото образование во образовниот систем генерира позитивни ефекти врз степенот на политичка култура и партиципација во демократските општества. Голем број на истражувања кои ја мерат ефективноста на политичкото образование врз степенот на политичко знаење и политичка партиципативност на учениците, укажуваат на позитивна корелација меѓу восприемањето на политичко/граѓанско образование и демократската култура и граѓанското учество на учениците кога ќе достигнат полнолетство (Niemi and Junn 1998; Torney-Purta et al. 2001; Dudley and Gitelson 2002; Schulz et al. 2018).

Меѓутоа, пристапот кон имплементација на идејата за политичкото образование како формална категорија во наставните програми е исклучително дивергентен. Разноликоста на третманот на политичкото образование во образовните политики во европските држави е воочлива во најмалку четири димензии.

Најпрво, постои голема етимолошка диверзификација на концептот, при што имињата кои се користат за предметите во образовниот систем опфаќаат широк тематски дијапазон. Така, називите на предметите кои целосно и делумно го опфаќаат концептот на политичко образование може да се класифицираат во неколку категории: називи кои се однесуваат на концептите на граѓанство и граѓанско образование; називи кои се однесуваат на концептите на политичка едукација и демократско образование; називи кои се фокусираат врз општествените студии; но и називи кои воспоставуваат **интердисциплинарен пристап** преку комбинирање на граѓанското/политичко образование со други пошироки области како историја, економија и етика (Council of Europe 2004).

Второ, воочлива е и значителна разноликост и во однос на генеричкиот пристап кон интегрирањето на политичкото образование во наставните програми во примарното и(или) секундарното образование во европските држави. Оттука, може да се зборува за постоење на различни модели на политичко образование (Šalaj 2002; Löfströmand Grammes 2020), кои се дефинираат врз основа на третманот кој политичкото образование го има во рамките на образовниот систем на државата. Така, во голем број на европски држави политичкото образование се имплементира низ призмата на засебен задолжителен предмет како дел од формалната наставна про-

грама. Вториот модел подразбира систем каде што политичкото/граѓанското образование се изучува во **формалната студиска програма**, но не во рамките на засебен предмет, туку како начело кое треба да биде интегрирано низ сите предмети од курикулумот или во потесна смисла, како составен дел од друг(и) предмети (на пр. историја). Финално, постои и модел кој политичкото образование го третира како **вон-курикуларна** активност каде што учениците се едуцираат за политичките и демократските процеси преку партиципација во форуми кои не се директно поврзани со формалната наставна програма во училиштата.

Трето, бројни истражувања укажуваат на дивергентни ефекти врз квалитетот на политичкото образование кое го восприемаат учениците во зависност од педагошкиот пристап во имплементацијата на наставните програми. Притоа, во литературата се прави разлика меѓу декларативно знаење (фактографско споделување на информации) и процедурално знаење (на пр. политичка партиципативност) (Weinberg and Flinders 2018) во контекст на политичката едукација. Постоечките истражувања укажуваат на значително подобри резултати кај учениците кои се изложени на комбинација од двата педагошки инструменти (Torney-Purta 2002; Kahne and Sporte 2008). Во овој контекст, воочлив е тренд на напуштање на принципот на екс-катедра предавања и популаризирање на педагошки инструменти кои фаворизираат креирање на демократска атмосфера во училницата и искуствено учење базирано на проекти, симулации и отворено дискутирање на контроверзни политички прашања (Print 2012; Hess and Avery 2008).

Имајќи го предвид горенаведените согледувања, оваа анализа се фокусира врз компаративен преглед на три студии на случај од Европа: Германија, Данска и Англија.

## Студија на случај: Германија

Германија е држава со најдолготрајна традиција на политичко образование во светот. Во различни форми, политичкото образование во Германија се спроведува повеќе од 100 години, во пет различни системи, од монархистичкото уредување до 1918, преку Вајмарската република (1918-1933), нацистичкиот режим (1933-1945), пост-воениот период (1949-1989), до современиот период кој започнува со обединувањето во 1990 година и создавањето на сојузната република (Händle 2003). За развојот на политичкото образование посебно е важен периодот после Втората светска војна, кога на него ќе се гледа како на многу важна алатка за повторна едукација на германското население и возобновување на демократскиот режим. Оваа политика ќе биде поткрепена со значителна финансиска поддршка од државата која ќе се фокусира како на имплементација на политичкото образование низ школскиот систем, така и врз спонзорирање на различни форми на вон-курикуларно образование кое ќе ги опфаќа сите возрасни категории во (западно) германското општество. И покрај тоа што интересот за политичкото образование благо ќе опадне во периодот после обединувањето на Германија (Balzter et al. 2017), сепак веројатно не постои друга држава во Европа каде што „на политичкото образование му е дадено толку многу внимание "(Roberts 2002: 556).

Притоа, целокупниот пристап кон политичкото образование или PolitischeBildung, е моделиран во согласност со традиционалната образовна доктрина на Bildung која подразбира пристап кон образованието не само во контекст на предавање на знаење, туку и како инструмент за градење на себе-спознаена личност (Kenner 2020). Во оваа насока, основен столб на политичкото образование во Германија се трите принципи на таканаречениот Консензус од Беутелсбах (Beutelsbacher Consensus) од 1976 година, кога на национална конференција на едукатори ќе се утврди дека со цел да се избегне индоктринација во образовниот систем, истиот мора да обезбеди дека (1) наставниците не смеат да ги „презаситат" учениците со политички ставови и вредности кои би ги спречиле да формираат сопствени независни расудувања; (2) наставниците мора да посветат внимание врз плуралитетот на интереси и перспективи и да ги третираат контроверзните прашања како такви и (3) образованието да има обзир за личните интереси на учениците.[5]

## Структура на системот на политичко/граѓанско образование

Имајќи го предвид федералниот карактер на Германската држава, образованието во Германија е под надлежност на сојузните покраини. Следствено и начинот на кој политичкото образование е структурирано варира меѓу различните федерални единки. Меѓутоа, овој дивергентен систем истовремено е поткрепен од робусна институционална инфраструктура на специјализирани агенции за политичко образование. Во овој систем посебна улога има Сојузниот центар за политичко образование (Bundeszentrale für politische Bildung), кој е основан во 1952 година, со основна цел да дава поддршка и да го промовира политичкото образование во државата. Работата на Центарот е сосредоточена кон публикување на наставни материјали и други публикации, како и организирање и финансирање на конференции, семинари, настани и обуки насочени кон унапредување на политичкото образование. Покрај фокусот врз општата популација, Центарот овозможува и специјализирана поддршка за наставниците кои се вклучени во политичката едукација преку овозможување на пристап до материјали и специјализирани тренинзи. [6] Дополнително и самите сојузни покраини имаат сопствени Центри за политичко образование кои се финансирани од покраинските буџети. Нивните задолженија се слични на задолженијата на Сојузниот центар, т.е. се сконцентрирани на обезбедување на наставни материјали за училиштата, подготовка на публикации и организирање и финансирање на конференции, семинари и тренинзи во областа на политичката едукација.

Од друга страна, со оглед на децентрализираниот карактер на образовните политики во Германија, не постои унифициран курикулум на сојузно ниво, што придонесува за голема хетерогеност во начинот на кој е структурирано политичкото образова-

[5] За повеќе околу Консензусот од Беутелсбах, види: LandeszentralefürpolitischeBildung Baden-Württemberg, BeutelsbacherKonsens: Standard fürdenpolitisch-historischenUnterrichtanallenS chulen, достапно на: https://www.lpb-bw.de/beutelsbacher-konsens/

[6] За повеќе околу статусот и работата на Сојузниот центар за политичко образование види: https://www.bpb.de

ние. Со оглед на тоа што секоја сојузна покраина има автономија во креирањето на наставните програми, постои определена дискрепанца во застапеноста на политичкото образование меѓу различни покраини. И покрај тоа што како општо начело политичкото образование е во некоја (најчесто како дел од поопширни композитни предмети) форма присутно во основното образование, тоа се воведува како посебен предмет во средношколските наставни програми (најчесто во втората или третата година) (Abendschön 2015).

Меѓутоа, важноста која му се придава на овој предмет значително варира меѓу сојузните покраини. Така, застапеноста на политичкото образование во студиските програми на германските училишта се движи од само 0,8% посветено време за предавање во средните училишта во Баварија, до скоро 4% во Шлезвиг-Холштајн. Националниот просек е 2,2%, кои пак играат само маргинална улога во однос на целокупниот курикулум (Gkbudak and Hedtke 2019; Kenner 2020).

Опсегот на содржината на наставните програми по политичко образование е начелно врамен преку заедничката декларација на Министерството за образование и Министерството за култура од 2018 година, која укажува дека училиштата треба да бидат место „каде демократијата се рефлектира и доживува како динамичка и перманентна задача“, при што дискусијата околу различностите и толеранцијата се смета за фундаментален предуслов за успешно политичко образование во училиштата (КМК 2018, преведено кај Kenner 2020: 122). Меѓутоа, надвор од овие генерички насоки, повторно постои значителна дивергенција и во содржината на наставните програми на предметите.

Финално, политичкото образование во Германија е застапено и низ екстензивна мрежа на вон-школски и неформални форми на едукација. Тие се спроведуваат преку мрежа на државни и невладини организации, кои не се стриктно дел од сојузните и покраинските образовно-институционални системи и опфаќаат разни видови на училишта, институции за образование на возрасни граѓани, синдикати и религиозни организации. Тука спаѓаат и определени организации кои се специфични за Германија, како на пример политичките фондации (Stiftungen) кои, исто така, овозможуваат различни форми на политичка едукација за практично сите возрасни и социјални групи во државата (Roberts 2002).

## Профил на наставници

Наставата по политичко образование во формалниот школски систем во Германија најчесто се изведува од наставници кои немаат директна специјализација во оваа област (Händle 2003; Langre and Rößler 2014). Предметите кои ја опфаќаат политичката едукација вообичаено ја изведуваат наставници со специјализација од сродни дисциплини (на пр. историја).

Меѓутоа, на наставниците им стојат на располагање повеќе можности за дополнителна квалификација во областа на политичко образование. Неколку универзитети

во државата нудат специјализирани програми по политички науки наменети за наставниците од средните училишта (Walkenhorst 2006). Исто така, сојузниот и покраинските центри за политичко образование нудат голем број на тренинзи и високо-квалитетни материјали кои се дизајнирани кон дополнителна специјализација на наставниците кои предаваат предмети од областа на политичка едукација.

## Ефективност

Најновите истражувања на јавните перцепции на младите во Германија укажуваат на зголемен интерес за политиката, при што 40% од популацијата декларира некаков интерес за политиката, што е значително повеќе во споредба со ставовите на младите една декада порано (Shell 2019). Меѓутоа, поради децентрализираниот образовен систем и дивергентноста на наставните програми поврзани со политичкото образование во Германија, глобалните истражувања поврзани со ефективноста на политичкото образование се фокусирани врз поединечни сојузни покраини.

Така, едно од највлијателните лонгитудинални истражувања на влијанието на политичкото/граѓанско образование врз младите во светот, Меѓународната студија за граѓанско образование (Schulz et al. 2018) која ја спроведува Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните достигнувања[7], во компаративната анализа на држави од светот кои се опфатени со истражувањето вклучува податоци од сојузната покраина Северна Рајна-Вестфалија, која се користи како референтна точка за Германија. Во последната рунда на истражувања објавени во 2018 година, средношколците од Северна Рајна-Вестфалија бележат натпросечни резултати во скоро сите категории на граѓанско образование, кои опфаќаат когнитивни показатели за различни политички концепти како злоупотреба на моќ, демократски перспективи на гласањето на избори, поделба на власт, односите меѓу политичките процеси и законодавството и универзална апликација на правото. Следствено, младата популација од Северна Рајна-Вестфалија има натпросечни резултати и во композитниот генерички показател на граѓанско/политичко знаење (519, наспроти просекот од 517). Сепак, овие резултати се пониски во споредба со други држави со исклучително висок индекс на човечки развој опфатени со истражувањето[8] (Schulz et al. 2018).

7 За повеќе информации види: https://www.iea.nl

8 На пример скандинавските држави кои константно бележат највисоки резултати.

## Студија на случај: Данска

Политичкото образование во Данска започнува да се етаблира како значаен аспектна државните образовни политики во 1960 година, кога за првпат ќе се формализира како дел од предметот општествени науки. Пристапот кон политичкото/граѓанското образование како образовна политика во Данска е во голема мера интегриран со педагошката филозофија на Bildung, концепт кој е традиционално поставен како стожерен елемент на образовниот процес во скандинавските земји и во Германија. Овој концепт подразбира холистичко сфаќање на образованието чијашто основна задача е да придонесе кон изградбата на целосни личности, не само во контекст на знаење, туку и во насока на градење на вештини, морал, култура и социјална адаптација (Moss and Kofod 2012). Ваквото разбирање на образовниот процес ќе послужи како основа за пристапот на „обединетото училиште" кој се развива во Данска од 1990 година, а кој опфаќа уникатен систем на 10 годишно примарно и секундарно образование на кое се гледа како на една интегрирана целина. Притоа, на учениците им е овозможено да бираат со каков вид на средношколски систем ќе го завршат својот образовен процес, при што на располагање им стојат државни средни училишта (*folkeskolen*) и приватни, таканаречени „слободни" училишта (*friskoler*).

Целокупната образовна политика инспирирана од концептот на Bildung е вгнездена во едно поимање на образованието како инструмент за демократизација на општеството, кое како основно начело е дефинирано уште во 1975 година во преамбулата на Законот за образование којашто вели дека „училиштето мора да ги подготви учениците за партиципација, споделена одговорност, права, задолженија во општество засновано на слобода и демократија...оттука, предавањата и дневните активности на училиштето мора да се спроведуваат во духот на интелектуална слобода и демократија" (Liberkind 2020: 21). Ваквиот холистички пристап кон граѓанското образование на кое се гледа како на дел од целокупното училишно доживување, т.е. како начело кое е интегрирано во целокупниот курикулум на задолжителното образование е централен аспект на примарното и секундарното образование во Данска (Seland et al. 2021) и клучен фактор за уникатниот пристап кон имплементацијата на политичкото образование во данскиот образовен систем.

### ➘ Структура на системот на политичко/граѓанско образование

Политичкото образование во формалниот школски систем во Данска не е застапено со посебен предмет, туку е интегрирано во композитниот предмет Општествени науки (Samfundsfag). Општествени науки има третман на посебен предмет на сите нивоа на школскиот систем, а се воведува како задолжителен предмет во рамки на средношколското образование (Hansen 2020). Притоа, во повисоките години од средношколското образование (upper secondary school) понапредна варијанта на предметот се нуди и како дополнителен изборен предмет, кој на пример во 2017 година бил избран од 45% од учениците во Данска (Hansen 2020: 96). Подготовката на наставната програма за предметот Општествени науки е во надлежност на Министерството за образование во процес кој опфаќа соработка со претставници од сојузот на наставници и претставници од универзитетите во државата.

Во легислативните акти примарните цели на предметот Општествени науки се дефинирани во насока на овозможување на „знаење за општеството и историските промени" и подготовка на учениците да „бидат активни членови на демократското општество" преку восприемање на „знаење и вештини од политика (моќ, носење на одлуки и демократија), економија (производство, работа и потрошувачка) и општествените и културолошките услови (социјализација, култура и идентитети)" (UVM Folkeskolen 2019, преведено кај Hansen 2020). Доколку се направи подетален содржински преглед на наставните програми на овој предмет, воочлив е фокус врз анализирање на актуелни политички и општествени предизвици во Данска и светот, вклучувајќи и прашања поврзани со социјалните диспаритети во светот, меѓународна политика, меѓународни конфликти и интеграциски процеси.

Овој фокус врз комбинирање на теоретското знаење со анализирање на моменталните политички и општествени проблеми во светот, е важна детерминанта на педагошкиот пристап кон формалната политичка едукација во Данска. Данското законодавство го потенцира овој елемент промовирајќи образование кое „им овозможува на учениците интерес и способност да се вклучуваат во демократски дискусии.....предавањата треба да промовираат независност и самодоверба кај учениците со цел да можат да дискутираат и да заземат квалификуван став за проблемите во општеството" (UVMGymnasier 2017, преведено кај Hansen 2020). Оттука, големо внимание се посветува на работа со учениците насочена кон дискутирање на актуелни проблеми, што пак подразбира дополнителен ангажман на наставниците кон обезбедување курентни материјали и податоци преку кои се апсолвира предметот на изучување. Во сличен манир се организираат и тестирањата на учениците од кои покрај фактографско знаење, се бараат и аналитички вештини преку кои теоретското знаење се аплицира врз практични студии на случај кои го рефлектираат современото општество (Hansen 2020).

## Профил на наставници

Еден од најважните фактори на успехот на образовните политики за политичко/граѓанско образование во Данска е односот и посветеноста на наставниците кон граѓанското образование (Liberkind 2020). Наставниците во примарното и секундарното образование во Данска мораат да имаат дипломирано на Педагошка академија и да поминат задолжителна едногодишна пракса. Наставниците кои предаваат специјализирани предмети во повисоките години од средношколското образование (upper secondary school) мора да имаат завршени магистерски студии во соодветната област и потоа да завршат едногодишна тренинг програма (OECD 2014). Данските наставници на сите нивоа на образовниот систем се едни од најплатените во светот.

Едукацијата на наставниците кои специјализираат во областа Општествени науки се одвива на 5 универзитети (Копенхаген, Роскилде, Архус, Алборг и Универзитетот на Јужна Данска) и опфаќа релативно интегриран систем на специјализација во научните области кои се опфатени со предметот, т.е. политички науки, социологија, економија, меѓународна политика и истражувачки методи (Hansen 2020: 108). Во ди-

дактичкиот и педагошкиот развој наставниците уживаат високо ниво на автономија, меѓутоа во сите инстанци се потенцира важноста на дебатирањето во училницата и практично согледување на предизвиците на демократијата (Hjort 2006). Во оваа насока, многу честа пракса меѓу наставниците е организирање на вон-школски посети на државни институции (на пр. данскиот Парламент) и невладини организации.

## Ефективност

Скоро сите досегашни компаративни истражувања на ефективноста на политичкото/граѓанското образование посочуваат на данскиот образовен систем како на најуспешен во светот. На сите лонгитудинални когнитивни тестови за политичко/граѓанско знаење и демократска партиципативност, данските ученици се скоро без исклучок на првото место. Во овој контекст, најиндикативни се резултатите на најопширната лонгитудинална студија на влијанието на политичкото/граѓанско образование врз младите во светот, Меѓународната студија за граѓанско образование (Schulz et al. 2018) која ја спроведува Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните достигнувања. И во двата досегашни турнуси (во 2009 и во 2016 година) на испитување на ставовите на средношколците во голем број на држави од светот, данските ученици бележат најдобри резултати во скоро сите категории, од степенот на способност за критичко размислување, до разбирање на потребата од партиципативност во демократските процеси. Тие се на првото место и во композитниот индекс на граѓанско/политичко знаење со просечен скор од 586, кој пак е многу повисок од просечната вредност од 517. Притоа, споредено со 2009 година, резултатите од 2016 година укажуваат на раст од 13 индексни поени на степенот на познавања во областите на политика и граѓанство кај данските ученици.

Многу важен показател кој придонесува кон успехот на данските ученици се и нивните искуства со отвореноста на училницата за дебата и размена на мислења, при што повторно данските ученици уживаат највисоко ниво на отвореност споредено со сите други држави кои се дел од студијата (Schulz et al. 2018). Успешноста на овој модел на интегрирање на когнитивните процеси на учење со механизми за восприемање на демократска партиципација се потврдува и во рамките на една друга студија, каде преку 80% од данските ученици имаат позитивни перцепции за нивните учители и се задоволни од нивниот пристап кон креирањето на клима на отвореност во училницата (Lieberkind 2020).

## Студија на случај: Англија

И покрај тоа што Англија[9] претставува земја со веројатно најдолга демократска традиција во Европа и чиишто образовни политики низ историјата биле сметани за одредници на образовните реформи во голем дел од светот, таа ќе биде една од високо развиените земји кои подоцна ќе го инкорпорираат политичкото образование во рамките на формалниот образовен систем. Додека првите дебати околу потребата од политичко образование во Англија ќе бидат иницирани во 1960 година години од страна на еден влијателен круг на политиколози предводени од сер Бернард Крик, идејата за воведување на формално политичко образование во наставните програми на англиските училишта со децении ќе биде отфрлена од страна на политичките елити поради страв од политизација на учениците (Šalaj 2005). Меѓутоа, под притисок на резултатите од се поголем број на истражувања кои ќе укажуваат на големо опаѓање на граѓанскиот активизам во Велика Британија, во 1997 година новата лабуристичка влада ќе назначи Советодавна група за граѓанска едукација предводена токму од Бернард Крик, која ќе го изготви таканаречениот Крик извештај, кој пак ќе ги постави основните постулати на новата образовна политика на воведување на граѓанско образование во школскиот систем (Whiteley 2014). Таа ќе биде отелотворена во вид на законски акт во 1999 година, а политичкото/граѓанското образование официјално ќе биде воведено во формалната наставна програма во Англија во учебната 2002/2003 година.

### ➘ Структура на системот на политичко/граѓанско образование

Структурата и содржината на политичкото/граѓанско образование во Англија формално-правно е утврдена преку Националниот курикулум кој го креира и спроведува Министерството за образование. Граѓанското образование (Citizenship) има статус на задолжителен предмет во секундарното образование (во фазите 3 и 4 на развој на учениците). Во рамките на основното образование (фази 1 и 2 на развој на учениците), предметот не е задолжителен и училиштата не се обврзани да го вклучуваат во наставните програми. Националната наставна програма по граѓанско образование цели кон тоа учениците да бидат во можност да се стекнат со: знаење и разбирање на принципите на владеење, политичкиот систем и модалитетите на партиципација во демократскиот систем на Велика Британија; знаење и разбирање на улогата на правото и правниот систем во општеството; интерес за волонтерство и вештини за критичко размислување и дебатирање на политички прашања (Department of education 2013).

Националниот курикулум воспоставува и одредени насоки околу содржината на предметот Граѓанско образование. Опсегот на предавањата треба да опфати широк спектар на теми кои го вклучуваат развојот на политичкиот систем и демократското

[9] Поради децентрализираниот карактер на образовната политика во Велика Британија, не постои унифициран модел на политичко образование во државата. Различни модели на политичко образование постојат и во Шкотска, Велс и Северна Ирска. Ова истражување се фокусира на моделот на политичко образование кој се имплементира во Англија.

владеење во Обединетото Кралство, начинот на којшто функционира Парламентот и партискиот систем, опсегот на слободи и права, начинот на којшто функционира правосудниот систем и улогата на јавните институции и волонтерските организации во општеството. Исто така, се очекува учениците да стекнат знаење и од различните изборни системи кои се користат во, но и надвор од Обединетото Кралство, како и различните системи на владеење (демократски и не-демократски) во светот (Department of education 2013). Притоа, наставниците се законски обврзани да промовираат балансирани предавања кои не смеат да содржат каква било форма на политичка пристрасност (Education Act 1996).

Ваквиот пристап кон дефинирање на политичкото/граѓанско образование во формалниот образовен систем ќе предизвика поделени мислења околу неговата целисходност. Недостатокот на детализирана наставна програма од една страна им отвора простор за креативност на училиштата со оглед на тоа што самите одлучуваат како да ги моделираат предавањата. Меѓутоа, од друга страна, не постоењето на кохерентна структура резултира и со неусогласен третман и посветеност[10] кон имплементирање на политичкото образование во различни училишта (Keating et al. 2012)

## Профил на наставници

Профилот и академските квалификации на учителите кои се вклучени во имплементацијата на предметот Граѓанско образование е веројатно најголемиот проблем на оваа образовна политика. Накратко кажано, постои сериозен дефицит на квалификувани наставници по политичко/граѓанско образование. На пример во 2019 година од 2.876 училишта, само 456 училишта пријавиле дека имаат на располагање квалификуван инструктор по граѓанско образование (Weinberg2021). Најголем дел од наставниците кои се задолжени за спроведување на овој предмет немаат скоро никаква специјализација во областа. Генеричките обуки кои ги поминуваат наставниците не посветуваат доволно внимание на граѓанското образование, а истовремено бројот на специјализирани обуки по политичко образование е многу мал (Weinberg and Flinders 2018, Weinberg 2020). Така, додека најголемиот дел од наставниците чувствуваат одговорност кон нивната улога во формирањето на политичките ставови на младите луѓе, 80% сметаат дека иницијалните, но и напредните обуки кои ги поминале во рамките на работното место воопшто не ги подготвиле да предаваат политичко образование, а само 1% од наставниците сметаат дека тие се целосно подготвени за таквата задача (Weinberg2021).

Следствено, профилот на наставници кои го предаваат предметот е многу различен, при што околу една третина се наставници кои имаат специјализација во хуманистички науки, додека останатите се наставници кои доаѓаат од несродни дисциплини, т.е. англиски јазик, уметност, странски јазици, математика, природни науки и физичко образование (Weinberg2021). Ваквата констелација на односи несомнено се одразу-

10 Во контекст на бројот на часови во неделата и како процент од целокупниот број на часови кои му се придаваат на предметот Граѓанско образование

ва и врз квалитетот на наставата, посебно врз аспектот на партиципативност и креирање на средина отворена за дискусии и критичко размислување. Постои сериозна дискрепанца во педагошкиот пристап меѓу малиот број на наставници кои се специјализирани во политичко образование и во останатите профили на наставници. Процентот на наставници кои користат истражувачки проекти и дискусии во наставата е правопропорционален со степенот на специјализација. Така, оние наставници кои имаат директна специјализација во политичкото образование многу повеќе ги користат овие педагошки инструменти споредено со колегите кои имаат квалификации во хуманистичките и природните науки. (Weinberg 2020)

## Ефективност

И покрај периферниот статус кој политичкото образование го има во формалниот образовен систем во Англија, долгорочните истражувања на влијанието на политичкото образование, укажуваат на позитивен ефект од воведувањето на истото врз политичкото разбирање и потенцијалот за партиципација во политичките и демократските процеси на младите луѓе. Резултатите од првиот турнус[11] на Меѓународната студија за граѓанско образование (Schulz et al. 2010), која ја спроведува Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните достигнувања покажуваат дека англиските ученици покажуваат натпросечни резултати во повеќето категории кои го мерат степенот на знаење и партиципативност. И кога станува збор за композитниот индекс на граѓанско/политичко знаење тие бележат натпросечни резултати (скоро од 517, наспроти просечната вредност од 500), но пониски од водечките држави кои имаат сличен индекс на развој (Schulz et al. 2010).

Интерно, по воведувањето на граѓанското образование во формалниот образовен систем, неговата имплементација ќе биде надгледувана од страна на Лонгитудиналната студија за граѓанско образование, воспоставена од страна на Министерството за образование[12]. Резултатите од истражувањето кое ќе опфати период од 9 години (2002-2010) укажуваат на позитивно влијание на граѓанското образование врз политичките и граѓанските компетенции на младите луѓе, особено во контекст на зголемена партиципативност во политичките и демократските процеси (Keating et al. 2010). Меѓутоа, ова сеопфатно истражување ќе детектира и сериозна дискрепанца меѓу бројот на часови кои различни училишта во земјата ги распределуваат за предметот Граѓанско образование. Притоа, резултатите од истражувањето детектираат експоненцијален раст на степенот на знаење и партиципативност кај оние ученици кои биле изложени на поголем број часови во рамки на наставната програма по предметот граѓанско образование. Скоро идентични корелации се детектирани и во доскорешните истражувања на ефективноста на политичкото образование во Англија (Weinberg 2020).

[11] Поради тоа што Англија не беше дел од вториот турнус на истражувања во 2016 година, на располагање се само податоците од првиот турнус на истражувања од 2009 година.

[12] Во тоа време Министерство за деца, училишта и семејства

*****

Споредбениот преглед на трите студии на случај укажува на позитивни долгорочни ефекти врз политичката култура и партиципација во засегнатите општества. Во сите три случаи долгорочните истражувања укажуваат на позитивен ефект од воведувањето на политичкото влијание како училишна образовна политика врз целокупниот опсег на разбирање на политичките процеси, способноста за контекстуализирање на важноста на демократските вредности и политичката партиципативност кај младите луѓе. Притоа, растот на степенот на познавање и учество во демократските процеси кај младите луѓе е во правопропорционален сооднос со обемот на часовите од политичко и граѓанско образование кои им стојат на располагање во наставната програма во училиштата.

Од друга страна, воочливи се и значителни дискрепанци меѓу трите модели на политичко образование, посебно кога станува збор за когнитивните и аналитичките способности на учениците, дотолку што данските ученици покажуваат значајно подобри резултати од нивните врсници во Германија и во Англија. Прво, една од причините за ваквата разлика е од структурна природа. Моделите на политичко образование во Германија и во Англија се повеќе децентрализирани, што пак резултира со дивергентни пристапи и големи регионални разлики во однос на содржините на предметите кои се предаваат, обемот на часови, но и со приоритетот кој му се дава на политичкото образование во рамките на училишниот курикулум. Во данскиот случај, спроведувањето на политичкото образование е во поголема мера унифицирано и изедначено застапено во наставните програми на сите училишта во државата. Второ, компаративниот приказ укажува дека еден од најважните фактори на ефективноста на политичкото образование врз политичката култура, демократската свест и политичката партиципативност кај младите е степенот на профилирање и специјализирање на наставниот кадар кој е задолжен за спроведување на политичкото образование во училишниот систем. Повторно, воочлив е значаен диспаритет меѓу профилот и третманот на наставниците во Германија и во Англија од една страна и Данска од друга страна. Во првите два случаи, релативно мал број од наставниците кои се вклучени во наставата на предметите од политичко/граѓанско образование имаат специјализација во областа на политичките или општествените науки. Напротив, почесто станува збор за наставен кадар кој е вработен во училиштето, а примарно изведува настава во сродни научни области (најчесто хуманистички науки). Ова има негативни импликации врз самата настава, со оглед на тоа што наставниците немаат соодветни дидактички и практични квалификации за спроведување на предметите, а во многу случаи им недостасува формална обука за доусовршување од страна на образовните институции. Во случајот на Данска, од наставниот кадар се бара да има формално образование во областите на политичките и општествените науки, со дополнителна педагошка доквалификација за вклучување во образовниот процес. Ваквата профилација на наставниците значително го зголемува квалитетот на имплементација на политичкото образование во училиштата. Ова се манифестира како во самата содржина на наставните програми, така и во начинот на организација на наставата во училницата и пристапот кон развивање на критички и аналитички вештини кај учениците.

Наодите од овој краток компаративен преглед може да генерираат неколку корисни насоки во креирањето на македонски модел за политичко образование. Уважувајќи ги големите културолошки и социо-економски разлики меѓу двете држави, основните принципи на интегриран пристап во создавањето на наставната програма и воведувањето на предметот во сите средношколски установи и инвестирање во квалификуван наставен кадар се остварливи и во рамки на домашните капацитети, а значително би ја зголемиле веројатноста за позитивни резултати од евентуалното воведување на политичкото образование во македонските училишта.

# Заклучок

Досегашното искуство на воведување на предмети кои обработуваат теми кои би можеле да се категоризираат како теми од областа на политичкото образование укажува дека приодот во основното и средното образование кон оваа тема не бил изедначен во практиката на основните и средните училишта во РСМ. Пристапот во основните училишта ги интегрира темите од областа на политичкото образование во еден предмет наречен граѓанско образование додека во средните училишта постои дисперзираност на овие теми низ повеќе предмети како што се и самото граѓанско образование, но и социологија и вовед во право. Иако не постои знак на равенство меѓу предметот (и поимот на) граѓанско образование и политичкото образование како предмети со сличен, но сепак неидентичен фокус, првиот допир на учениците со теми кои се врзуваат за конкретни политички феномени (поделба и функционирање на власт, човекови права, правна држава и јавна администрација итн.) се случува токму преку предметот граѓанско образование во осмо и деветто одделение, а продолжува во текот на средното образование, во најголема мера преку изборни предмети. Сепак, голем број на теми кои се однесуваат на политички феномени како што се власта, изборите, политичките партии, демократските процеси на одлучување и слично, недостасуваат кај овие предмети, што укажува на некомплетност на вака поставениот систем. Дополнително, моделирањето на предавањата во насока на градење на критички и аналитички вештини со цел активна партиципација на младите во демократските процеси како можеби и најважниот аспект на модерното политичко образование, се чини дека е потполно занемарено во македонскиот образовен систем. И покрај одредени ризици кои воведувањето на политичкото образование во основните и пред сè во средните училишта во државата би можело да ги донесе, предностите неколкукратно се побројни, а корисноста на ваквиот проект би била од пресудна важност за политичката социјализација и едукација на младите како идни гласачи и промотори на демократски вредности.

Од друга страна, ако се земат предвид ставовите и перцепциите на младите во РСМ тогаш постои јасна потреба за воведување на политичко образование како посебен предмет. Слабиот интерес за политиката, недовербата во институциите на системот, чувството на исклученост и недоволно влијание врз политичките процеси како и незадоволството од претставеноста на младите укажува на ургентна потреба од посистематска политичка едукација како би се создал когнитивен и критички инструментариум со кој младите би можеле поактивно да се вклучат во демократските процеси, но и истите да ги разберат соодветно. Ако кон ова се додадат и силно изразените авторитарни вредности, но и перцепциите кон одредени маргинализирани групи во општеството, станува јасно дека политичкото образование мора да се третира како општествена потреба која мора да биде инкорпорирана во формалниот модел на едукација и тоа што поскоро. Последната и во никој случај најмала причина за воведување на политичко образование, се и слабата медиумска, но и функционална писменост кај младите, која укажува на слаб информативен имунитет кон лажните вести и политички спинови, но и на незадоволителното ниво на стекнати знаења преку формалното образование, видливо преку слабите резултати на PISA тестовите.

Политичкото образование би можело да биде компензаторен, но и превентивен механизам кој значително би подобрил дел од овие состојби.

Конечно, за да се воведе соодветен модел на политичко образование во државата потребно е да се направи анализа на неколку успешни модели во Европа, кои би можеле да послужат како патоказ во процесот на воведување на политичкото образование во државата. Такви успешни примери се образовните системи во Германија, Данска и во Англија. Иако постојат воочливи разлики во структурата на системот на политичкото образование, профилот на инструктори и ефективноста на трите анализирани примери, јасно е дека понудените искуства на овие три држави нудат доволна основа за преземање на успешни практики во воведување на политичкото образование во државата. Различните традиции во трите анализирани примери произлегуваат од различниот историјат и од различниот пристап на трите држави, но искуствата кои овие три држави ги нудат во поглед на политичкото образование пружат можност за искористување на одредена емпириска, логистичка и методолошка содржина која би била применлива во локалниот контекст, доколку правилно биде адаптирана. Тука посебно се истакнува случајот на Данска, како најуспешен пример на образовна политика во доменот на политичко образование во Европа. Централизираниот пристап во креирањето на наставната програма, широката распространетост на политичкото образование во сите видови на училишта и политиката на регрутирање на квалификуван наставен кадар се клучни насоки кои произлегуваат од данското искуство кои би можеле ефективно да се искористат и во македонскиот случај. Ова секако не ја исклучува и можноста за градење и имплементација и на сопствени искуства, особено преку досега вложените напори во воведување на предмети кои имале слична содржина со предметот кој би ја покрил тематиката на политичкото образование.

ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ

# ПРЕПОРАКИ

ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ
ПРЕПОРАКИ

## Анализа на состојбите со политичкото образование во земјата

- Потребна е да се направи детална анализа за застапеноста на политичкото образование преку предметите кои покриваат содржини оваа област, односно предмети како граѓанско образование, вовед во право, социологија, филозофија и други поврзани предмети; типот и застапеноста на содржините и знаењата и компетенциите со кои младите се стекнуваат преку овие предмети.
- Континуирано следење на степенот на развој на вештини кај учениците, со кои се стекнуваат преку содржините во предметите поврзани со политичкото образование.
- Институциите треба да одвојат време и ресурси на истражувања поврзани со млади, со цел да ги следат состојбите и трендовите и да имаат информации да креираат политики базирани на факти, кои ќе ги подобрат состојбите. Ваквите теми се од се поголем јавен интерес, кога ќе се земат предвид трендовите на политичка исклученост, недоверба кон институциите и демократските процеси и масовни тенденции на емиграција. Едно тело преку кое може да се спроведат овие анализи е предвидениот истражувачки центар во рамки на Агенцијата за млади и спорт, предвиден во Законот за младинско учество и младински политики донесен во 2018 година.
- Да се следи нивото на подготвеност на професорите да ги пренесуваат овие содржини и да се мапираат областите во кои им е потребна најголема поддршка.

## Воведување на политичко образование во формалното образование

- Со цел образовниот систем да насочува и гради плуралистичко и демократски отворено општество, потребно е што поскоро воведување на политичко образование за сите ученици, а со цел нивно основно политичко описменување.
- Утврдување на соодветен пристап и модел за воведување на политичкото образование во рамки на формалното образование, пред сè средното образование. Проценката треба да земе предвид ограничувања како: обем на наставни содржини во образованието, капацитети и подготвеност за пренесување на материјата и заштита од идеолошки влијанија. Да се испита можноста за воведување на политичкото образование како посебен предмет, во завршните години од средното образование, вклучително и во изборна форма, како и можноста за воведување на содржини од областа на политичкото образование во другите предмети.

## Други пристапи кои влијаат на политичката писменост

- Да се обезбеди соодветно внимание на политичката и граѓанската писменост и подготвеност на учениците. Покрај вклучувањето на содржини во формалната настава, да се даде соодветно внимание и поддршка на средношколското организирање како начин за практикување учество и демократија. Организирањето на учениците треба да биде гарантирано и овозможено преку легислативата и соодветна поддршка од образовните институции.
- Медиумската писменост, како составен дел од политичката писменост, треба да се вклучи уште во основно и во пониските години од средното образование, а со цел образовниот систем да гради млади граѓани кои ќе бидат критични кон содржините кои им се пласираат и ќе бидат способни да се заштитат од лажни вести кои влијаат врз нивните натамошни избори.

# РЕФЕРЕНЦИ

Abendschön, Simone."Children's Political Learning in Primary School –Evidence from Germany|". *Education 3-13*, Vol.45, 2015, pp. 450-461.

Adorno, Theodor, Frense-Brunswick, Else, Levinson J., Daniel, Sanford Nevitt R. *The Authoritarian Personality.*New York: Harper. 1950.

Anderson, James A. "Receivership skills: An educational response."in Milton Ploghoft & James A. Anderson (eds.), *Education for the television age.* Springfield, IL: Charles C. Thomas.1981.

Aufderheide, Patricia. *Media Literacy A Report of The National Leadership Conference on Media Literacy.* Washington: The Aspen Institute, 1992. достапно на https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED365294.pdf.

Balzter,Nadine.,Ristau, Yan &Schröder, Achim. "Political, Youth Education in Germany: Presenting a Qualitative Study on its Biographically Long-Term Effects", *Journal of Social Science Education,*Vol. 16, No. 1,2017

Barton, David& Hamilton, Mary. *Local literacies: Reading and writing in one community.* London: Routledge,1998.

Council of Europe. *Learning and Living Democracy: All-European Study on Education for Democratic Citizenship Policies.* Council of Europe Publishing, 2004.

Department of Education. *Citizenship Programmes of Study: Key Stages 3 and 4: National curriculum in England*, 2013, достапно на: https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/908347/SECONDARY_national_curriculum_-_Citizenship.pdf

Dudley, Robert. & Gitelson, Alan. "Political Literacy, Civic Education and Civic Engagement: Return to Political Socialization? "*Applied Developmental Science*, Vol. 6, No.4, 2002, pp. 175–182.

Education Act 1996, London: The Stationery Office, достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1996/56/contents

Frazer, Elizabeth. "Introduction: The Idea of Political Education" in Oxford Review of Education, Vol. 25, N.1-2, 1999, pp. 5-22.

Galston, William, A. "Civic Education and Political Participation" in *PSOnline*, Cambridge University Press, April 2004, pp. 263-266. Достапно на: www.apsanet.org

Gökbudak, Mahir. &Hedtke. "Rainhold. Ranking PolitischeBildung 2018. PolitischeBildung anallgemeinbildendenSchulen der Sekundarstufe I imBundesländervergleich".*Didaktik der SozialwissenschaftenWorking Papers* No. 9, 2019

Gutmann, Amy. *Democratic Education*, Princeton: Princeton University Press, 1987.

Händle,Christa."The Burden of History? CivicEducation at German Schools".*Journal of Social Science Education No.2*, 2003

Hansen,Mogens."Social Studies in Denmark: aCountry Report".*Journal of Social ScienceEducation*, Vol. 19, No. 1, 2020, pp. 95-117.

Hess, Diana& Avery, Patricia. "Discussion of Controversial Issues as a Form and Goal of Democratic Education". in James Arthur,Ian Davis & Carole Hahn (eds.), *The Sage Handbook of Education for Citizenship and Democracy*. London: Sage, 2008, pp. 506–518.

Hjort, Katrin. "De-democratisation in Denmark?".*European Educational Research Journal*, Vol. 5, No. 3 & 4, 2006, pp. 234-243.

Inglehart, Ronald & Welzel, Christian. *Inglehart–Welzel Cultural Map.* World Values Survey. 2022. достапно на https://www.worldvaluessurvey.org/WVSContents.jsp?CMSID=Findings.

Kanoh, Hiroko.“Why do people believe in fake news over the Internet? An understanding from the perspective of existence of the habit of eating and drinking.” *Procedia Computer Science 126, (2018) 1704–1709.* DOI: 10.1016/j.procs.2018.08.107.

Keating, Avril., Kerr, David., Benton, Thomas., Mundy, Ellie.&Lopes, Joana. *Citizenship Education in England 2001–2010: Young People's Practices and Prospects for the Future*”.London: The eighth and final report from the Citizenship Education Longitudinal Study (CELS), Research Report DFE-RR059, 2010.

Kenner,Steve.“PolitischeBildung Citizenship Education in Germany from Marginalization to New Challenges”.*Journal of Social Science Education,* Vol. 19, No. 1, 2020, pp. 118-135.

Kultusministerkonferenz (KMK). *DemokratiealsZiel, Gegenstand und Praxis historisch-politischerBildung und Erziehung in der Schule*, 2018, достапно на: https://www.kmk.org/fileadmin/Dateien/veroeffentlichungen_beschluesse/2009/2009_03_06-Staerkung_Demokratieerziehung.pdf

LandeszentralefürpolitischeBildungBaden-Württemberg, BeutelsbacherKonsens: Standard fürdenpolitisch-historischenUnterrichtanallenSchulen, достапно на: https://www.lpb-bw.de/beutelsbacher-konsens/

Lessenski, Marin. *Common sense wanted - resilience to 'post-truth' and its predictors in the new Media literacy index 2018.* Sofia: Open Society Institute – Sofia, 2018. достапно на https://osis.bg/wp-content/uploads/2018/04/MediaLiteracyIndex2018_publishENG.pdf.

Lessenski, Marin. *Double Trouble: Resilience to Fake News at the Time of Covid-19 Infodemic.* Sofia: Open Society Institute – Sofia, 2021. достапно на https://osis.bg/wp-content/uploads/2021/03/MediaLiteracyIndex2021_ENG.pdf.

Lessenski, Marin. *Just think about it.Findings of the Media Literacy Index 2019.* Sofia: Open Society Institute – Sofia, 2019. достапно на https://osis.bg/wp-content/uploads/2019/11/MediaLiteracyIndex2019_-ENG.pdf.

Löfström, Jan&Grammes,Tilman.“Outlining Similarities and Differences in Civics Education in Europe: aStarter Kit for Transnational European Research”.*Journal of Social ScienceEducation,* Vol. 19, No. 1, 2020, pp. 1-4.

Mayer, Alexander K. “Does Education Increase Political Participation?”*The Journal of Politics, Vol. 73, No. 3 (July 2011)*, pp. 633-645. DOI:10.1017/S002238161100034X.

McGrew, Sarah, Ortega, Teresa, Breakstone, Joel & Wineburg, Sam. “The challenge that's bigger thanfake news – civic reasoning in a social media environment.” *American Educator 41 (3), fall 2017.*достапно на https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1156387.pdf.

Moss, Lejf.&Kofod, Klaus. “Denmark: Bildung in a Competitive State?”. in:Karen Seashore Louis & B. vanVelzen (eds.), *Educational Policy in an International Context.* New York: PalgraveMacmillan, 2012, pp. pp. 63–71.

Niemi, Richard. G. &Junn, Jane.*Civic Education: What Makes Students Learn?*New Haven: Yale University Press,1998.

OECD, *Education Policy Outlook: Denmark*, 2014, достапно на: https://www.oecd.org/education/EDUCATION%20POLICY%20OUTLOOK%20DENMARK_EN.pdf

Organization for Economic Cooperation and Development. *PISA 2012 Resultsin Focus–What15-year-olds knowand what they can dowith what they know.* OECD,2012. достапно на https://www.oecd.org/pisa/keyfindings/pisa-2012-results-overview.pdf.

Organization for Economic Cooperation and Development. *PISA results from PISA 2018.*

OECD: 2018b. достапно на https://www.oecd.org/pisa/publications/PISA2018_CN_MKD.pdf.

Osatuyi, Babajide& Hughes, Jerald."A Tale of Two Internet News Platforms-Real vs. Fake: AnElaboration Likelihood Model Perspective."*Proceedings of the 51st Hawaii InternationalConference on System Sciences, 2018*.URI: http://hdl.handle.net/10125/50388.

Persson, Mikael. "Review Article: Education and Political Participation."*B.J.Pol.S. 45 (2013)*, pp.689–703, DOI:10.1017/S0007123413000409.

Potter, James. "The state of media literacy." *Journal of Broadcasting & Electronic Media 54(4)*, 2010, pp. 675–696. DOI: 10.1080/08838151.2011.521462.

Print, Murray."Teacher Pedagogy and Achieving Citizenship Competences in Schools". in Murray Print & Dirk Lange (eds.), *Schools, Curriculum and Civic Education for Building Democratic Citizens* Rotterdam: Sense Publishers, 2012, pp. 113- 128.

Šalaj, Berto. "Modeli političkoga obrazovanja u školskim sustavima europskih država"*Politička misao*, Vol 39, No. 3, 2002, pp. 127–144.

Šalaj, Berto."Političko obrazovanje u školama: nepotrebna politizacija obrazovanja ili važan uvjet demokratizacije? Slučaj Engleske".*Politička misao,* Vol. 42, No. 2, 2005,pp. 77-100.

Schleicher, Andreas. *PISA 2018 – Insights and interpretations. OECD: 2018*.достапно на https://www.oecd.org/pisa/PISA%202018%20Insights%20and%20Interpretations%20FINAL%20PDF.pdf.

Schulz, Wolfram., Ainley, John., Fraillon, Julian., Losito, Bruno., Agrusti, Gabriella.& Friedman, Tim. *Becoming Citizens in a Changing World: IEA International Civic and Citizenship Education Study 2016 International Report*. Cham: Springer, 2018.

Schulz, Wolfram., Ainley, John., Fraillon, Julian.,Kerr, David.& Losito, Bruno.*Initial Findingsfrom the IEA International Civic and Citizenship Education Study*. Amsterdam: International Association for the Evaluation of Educational Achievement (IEA), 2010

Seland,Idunn., Huang,Lihong.,Arensmeier, Cecilia., Bruun,Jens.&Löfström,Jan. "Aims of Citizenship Education Across Nordic Countries: Comparing School Principals' Priorities in Citizenship Education 2009–2016".in: Heidi Biseth, Bryony Hoskins& Lihong Huang.*Northern Lights on Civic and Citizenship Education: a Cross-national Comparison of Nordic Data from ICCS*, Cham: Springer, 2021, pp. 43-63.

Shell. "Summary: 18. Shell Jugendstudie, 2019, достапно на: https://www.shell.de/about-us/initiatives/shell-youth-study/_jcr_content/root/main/containersection-0/simple/simple/call_to_action/links/item1.stream/1642665746304/cc089c96f35209143fdfdcbead8365dc26f9a238/shell-youth-study-2019-summary-en.pdf

Torney-Purta, Judith., Lehman, Rainer., Oswald, Hans&Schultz, Wolfram. *Citizenship and Education in Twenty-Eight Countries: Civic Knowledge and Engagement at Aged Fourteen*. Amsterdam:International Association for the Evaluation of Educational Achievement(IEA), 2001.

Undervisningsministeriet (UVM). *Folkeskolen*, 2017

Undervisningsministeriet (UVM). *Gymnasialeuddannelser2017*, 2017

Weinberg, James&Flinders,Matthew."Learning for Democracy: thePolitics and Practice of Citizenship Education".*British Educational Research Journal*, Vol. 44, No. 4, 2018, pp. 573–592.

Weinberg, James. *Politics in Schools: 'What Exists' and'What Works'?*London: Report. Joseph Rowntree Reform Trust, 2020

Weinberg, James. *The Missing Link: an Updated Evaluation of the Provision, Practice and Politics of Democratic Education in English Secondary Schools*. London: Project Report for the All-Party Parliamentary Group on Political Literacy, 2021

Whiteley, Paul. "Does Citizenship Education Work? Evidence from a Decade of Citizenship Education in Secondary Schools in England". *Parliamentary Affairs*,No. 67,2014, 513–535.

Ајрулаи, Ајше., Чешларов, Митко., Чонтева, Жанета., Мицковска Ралева, Ана. *Реализација на наставата по граѓанско образование во средните училишта. Извештај од спроведено истражување*.Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје, 2020. Достапно на: https://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/Istrazuvanje-za-gragjansko-obrazovanie-vo-sredno_MK.pdf

Биро за развој на образованието. *Модуларно дизајнирана програма за граѓанско образование* 2019. Достапно на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/07/Nastavna_programa-GRAGJANSKO_OBRAZOVANIE-I_god-4.pdf

Биро за развој на образованието. *Наставна програма по вовед во правото за трета година: изборен предмет 2002*. Достапно на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Voved_vo_pravoto-III_GO-izboren-mkd.pdf

Биро за развој на образованието. *Наставна програма по граѓанско образование за осмо одделение* 2018. Достапно на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/09/Nastavna_programa-Gragjansko_obrazovanie-VIII.pdf

Биро за развој на образованието. *Наставна програма по граѓанско образование за деветто одделение* 2018. Достапно на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/07/Nastavna-programa-Gragjansko_obrazovanie-IX_odd.pdf

Биро за развој на образованието. *Наставна програма по социологија за втора година: задолжителен предмет 2002*. Достапно на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Sociologija-II_GO-mkd.pdf

Близнаковски, Јован., Речица, Влора., Поповиќ, Миша., Зафиров, Тоше. *Човек од народот: анализа на јавното мислење за политичките барања на граѓаните*. Скопје: Friedrich Ebert Stiftung/Претседателски центар за политичко образование/Национален демократски институт/ИДСЦС, 2021. достапно на https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/B5_PopulizamMKD.pdf.

Галевски, Мартин. *Социо-политичко учество на младите*. Фондација за демократија на Вестминстер/Western Balkans Democracy Initiative/UK Government, 2021. достапно на https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf.

Георгиевска, Софија. *Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија 2021*.Коалиција на младински организации СЕГА/СОС Детско село Северна Македонија. 2021. достапно на https://mladieu.mk/wp-content/uploads/2022/03/Pocetna-studija-za-mladinski-trendovi_MK.pdf.

Ѓоргиовска, Јована и Галевски, Мартин. Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Фондација за демократија на Вестминстер, 2021. достапно на https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/08/Studija-Socio-Politicko-Ucestvo-na-Mladi-2021-MK-sml-1.pdf.

Закон за здруженија и фондации на Република Македонија и Република Северна Македонија. Достапно на: https://dejure.mk/zakon/zakon-za-zdruzhenija-i-fondacii

Јованов, Иван., Станковски, Илија. *Учество на средношколците во донесувањето на одлуки во училиштата*. Фондација „Конрад Аденауер", Лидери за едукација, активизам и развој, Скопје, 2015. Достапно на: https://lead.org.mk/uploads/publikacija_12_ab3ef2ab6c.pdf

Keating, Avril.,Benton, Tom&Kerr, David."Evaluating the Impact of CitizenshipEducation in Schools: What Works and What are We Measuring?".in: Murray Print & Dirk Lange (eds.),*Schools, Curriculum and Civic Education for Building Democratic Citizens*. Rotterdam: Sense Publishers, 2012, pp. 57-72.

Коруновска-Србијанко., Јана, Коруновска-Аврамовска, Неда., &Малеска, Тања. *Капитулација, конфузија или отпор: социјалниот капитал на македонските средношколци – анализа од анкетата на јавното мислење на 3607 средношколци од 13 градови.*Скопје: Младински образовенфорум, 2011. достапно на https://reactor.org.mk/publication-all/%D0%BA%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%82%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D1%83%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BE%D1%82%D0%BF%D0%BE%D1%80-%D1%81%D0%BE%D1%86/.

Министерство за образование и наука, *Стратегијата за образованието за 2018-2025 година*, Скопје, 2018. Достапно на: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

Мицковска, Горица., Чешларов, Митко., Мицковска Ралева., Ана, *Реализација на наставата по граѓанско образование во средните училишта. Извештај од испитувањето.* Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје, 2016. Достапно на: https://www.mcgo.org.mk/pub/Izvestaj_od_ispituvanje_za_gragjansko_obrazovanie_vo_osnovnite_ucilista_MK.pdf

Нова ТВ. *Повлечен учебникот Граѓанско образование за 8 одделение* 2017. Достапно на: https://novatv.mk/povlechen-uchebnikot-gragansko-obrazovanie-za-8-oddelenie/

Радио Слободна Европа, *Учебници за создавање поданици* 2014. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/26650031.html

Реактор. *Младинските организации и нивните капацитети за застапување – извештај за младинските организации и нивната улога во процесот на застапување за општествени промени.* Скопје: Реактор – истражување во акција, 2018. достапно на https://reactor.org.mk/publication-all/%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BE%D1%80%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B8-%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BA%D0%B0/.

Сакам да кажам. *Сиромашните се неспособни, жените раѓаат, перат и шијат, а мажите кои помагаат дома се папучари и слабичи-стои во дискриминирачкиот учебник по социологија за трета година* 2021. Достапно на: https://sdk.mk/index.php/makedonija/siromashnite-se-nesposobni-zhenite-ragaat-perat-i-shiat-a-mazhite-koi-pomagaat-doma-se-papuchari-i-slabichi-stoi-vo-diskriminirachkiot-uchebnik-po-sotsiologija-za-treta-godina/

Талески, Дане., Дамјановски, Иван., Марковиќ, Ненад., &Божиновски, Владимир. Youth Aspiration Survey in Republic of Macedonia.Скопје: Friedrich Ebert Stiftung/IDSCS, 2006. достапно на https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/50445.pdf.

Топузовска-Латковиќ, Марија., Борота Поповска, Мирјана., Серафимовска, Елеонора., Цекиќ, Анета., &Старова, Нита. *Студија за младите во Северна Македонија 2018/2019.* Скопје: Friedrcih Ebert Stiftung, 2019. достапно на https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf.

Трпевска, Снежана. *Мапирање на нивоата на медиумска писменост во Република Северна Македонија кај популацијата на возраст над 16 години.* Скопје: Организација за безбедност и соработка во Европа – Мисија во Скопје, 2020. достапно на https://resis.mk/attach/mapiranje-na-nivoata-na-mediumska-pismenost-2019.pdf.